СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ -БЕЛЕШКИ

од Триесет и осмата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 13мај
1992год

Скопје, мај 1992 година

38-ма (ТРИЕСЕТ И ОСМА) СЕДИЦА -13.05.1992

дополнение на дневниот ред-стр.7 ДНЕВЕН РЕД - СТР.29

| | |
|---|---|
| 1.СТОЈАН АНДОВ | =1 |
| 2.ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | 5 |
| 3.ИВАН АНГЕЛОВ | 8,19,28,45,46,47 |
| 4.ТИМЕ АНДОНОВ | 19 |
| 5.ФАИК АБДИ | 57 |
| 6.ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | 72 |
| 7.ХАМИД АЛИУ | 89 |
| 8.АЛЕКСАНДАР ГРШТАКОВСКИ | 16,37 |
| 9.ТУШЕ ГОШЕВ | 40,43 |
| 10.ПЕТАР ГОШЕВ | 98 |
| 11.БЕЌИР ЖУТА | 43,60 |
| 12.ЉУБИСАВ ИВАНОВ | 54,63 |
| 13.ИВАН ИВАНОВ | 66 |
| 14.ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 94 |
| 15.З0РАН КРСТЕВСКИ | 23 |
| 16.БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА | 28 |
| 17.ВЕЦКО ЛИЧОСКИ. | 53 |
| 18.ВАНЧО МЛАДЕНОВ | 44,46,59 |
| 19.ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | 69 |
| 20.ПАНЧО МИНОВ | 82 |
| 21.БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | 67 |
| 22.ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | 15,36 |
| 23.ТОДОР ПЕТРОВ | 20 |
| 24.НЕИМ СЕЛМАНИ | 16 |
| 25.РИСТО СТАНКОВСКИ | 18,27,41,51 |
| 26.НАУМ СИМЈАНОВСКИ | 23 |
| 27.НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | 90 СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА 35 |
| 28.МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ | 9 |
| 29.ЏЕЛИЛ ТАИРИ | 35,58 |
| ЗО.ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | 36 |
| 31.ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 76 |
| 32.ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 82 |
| ЗЗ.БЛАГОЈА ТОШЕВ | 92 |
| 34.ЉУБ0МИР ФРЧКОВСКИ | 25 |
| 35.МУХАМЕД ХАЛИЛИ | 12,14,15 |
| 36.НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | 24,25 |
| 37. | |

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Триесет и осмата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 13 мај
1992 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието сала број 1 со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието. СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници, ја отворам Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Душко Георгиевски, Ѓорѓи Котевски, Душко Арсовски, Борис Змејковски, Панче Насев и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Записниците од 35-тата и 36-тата седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (нема)

Констатирам дека записниците од 35-тата и 36-тата седница се усвоени без забелешки.

На седницата се поканети:

Претседателот на Републиката на Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателот и членовите на Владата на Република Македонија, Народната банка на Македонија, Службата на општественото книговодство во Република Македонија,

Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански неодоволно развиените краишта, Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и претпријатието за приредување игри на среќа Лотарија на Македонија.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (се согласуваме)

Во координација со пратеничките групи договорено е предлогот за донесување на законот за трансформација на претпријатијата, на општествениот капитал и Законот за локалната самоуправа да се разгледаат на посебна седница, а предлогот за донесување на закон за територијална поделба на Република Македонија и определувањето на подрачјата на општините на градот Скопје да се одложи од оваа седница и да се разгледува по донесувањето на законот за локалната држава.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага да се симне од дневниот ред материјалот "макроекономската политика на Република Македонија за 1992 година", заради потребата од промена на некои мерки.

Предлогот на Владата го разгледаа Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за земјоделство и шумарство, Комисијата за стопанство и Комисијата за труд и социјална политика и истиот беше прифатен.

Со оглед на тоа што поголем број на мерки што произлегуваат од макроекономската политика се донесени во месец март и април а чија реализација, објективно не може да се анализира, бидејќи недостасуваат информации од последните ефекти, Комисијата за економска политика и развој му предлага на Собранието на

Република Македонија да ја задолжи Владата до крајот на месец мај да подготви и на Собранието да му достави анализа за тековните движења во Република Македонија од првата половина на 1992 година, во која ќе биде содржано остварувањето на мерките на економската политика на Република Македонија за 1992 година.

Кој е за предлогот на комисиите молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на комисиите.

Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно-правката комисија му предлагаат на Собранието да го симне од дневниот ред Предлогот за донесување на Законот за престанување на важењето на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето, со Предлог на закон, бидејќи прашањата што се уредуваат со овој закон бараат поопстојна анализа.

Исто така, комисиите укажуваат дека со Програмата за работа на Собранието за 1992 година предвидено е во месец април разгледување на Предлогот за донесување на Законот за станбени односи со кој целосно ќе се уредат прашањата сврзани со станбената област и дека е нерационално во меѓувреме да се донесе Закон за преиспитување на важењето на Законот за самоуправните интересни заедници на станувањето.

- Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против) (никоја)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на комисиите.

Комисијата за стопанство, Комисијата за градежништво и урбанизам и Законодавно-правната комисија му предлагаат на Собранието да го симне од дневниот ред Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патишта, со Предлог на закон, бидејќи решенијата што се предлагаат во него се од суштински карактер и бараат поопстојна анализа за прашањата сврзани со трансформацијата на самоуправните интересни заедници во областа на патиштата особено во поглед на изнаоѓање најдоодветен облик на организирање на учесниците во рамките на организационата поставеност во областа на патиштата.

Истовремено, комисиите укажуваат дека со Програмата за работа на Собранието за 1992 година е предвидено во месец април разгледување на Предлогот за донесување на Законот за патишта и дека е поцелисходно да се донесе овој системски закон со кој целосно ќе се уредат прашањата сврзани со оваа материја.

Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (13)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на комисиите.

Комисијата за стопанство предлага Собранието да не расправа на оваа седница по извештајот за работата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта во 1991 година, заедно со Завршната сметка финансискиот план на Републичкиот фонд имајќи го предвид значењето на материјалите и краткиот рок од нивното доставување, а со цел поопстојно да се проучат.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (11)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Газменд Ајдарага предлага дополнување на дневниот ред со следната точка:

Формирање на Парламентарна група за испитување на настаните во Дебар од 15 април 1992 година.

Го молам пратеникот Газменд Ајдарага да го образложи предлогот. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Јас дадов образложение со предлогот, меѓутоа, ќе кажам два три збора. Познато е дека во Дебар имаше еден немил случај, кога беше употребено и огнено оружје, па заради тоа што станува збор врз основа на она што беше кажано на состанокот што го имавме заедно со претставници на Министерството за внатрешни работи во Дебар, вечерта, јас мислам дека треба да ги расветлиме состојбите бидејќи во средствата за информирање беше една изнесена, по наше мислење, забуна, која не стои како што е тука речено, па заради тоа, како што постапивме во другите случаеви, случајот со Радовиш, Куклиш, Струга и други, мислам дека паралелно исто да ги решаваме проблемите, да формираме парламентарна група, да го испита случајот, да го расветлиме за да не дојде до тоа што е дојдено, одредени работи да се кажуваат невистини. Од тој аспект ова го предложив. Се согласувам, немам против да биде истата комисија односно парламентарната група што беше формирана. СТОЈАН АНДОВ:

Имам едно прашање до господин Ајдарага. - Вие рековте дека фактички во расчистувањето на целиот тој случај Собранието на

Дебар, така сфатив и претставниците на Министерството за внатрешни работи ги разјасниле состојбите. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

До крај не.

СТОЈАН АНДОВ:

Подобро е да побараме информација од МВР па да видиме после што би било.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Вака подобро ќе се расчисти.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, дали уште некој бара збор?

Дали има некои предлози во врска со предлогот на господинот Ајдарага? (нема).

Бидејќи никој не бара збор, предлогот на пратеникот господинот Ајдарага о ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Според тоа истата комисија би требало да остане да ја сврши работата да оствари увид во фактите.

Дали е некој поротив предлогот? (не)

Дали некој е воздржан? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на пратеникот Газменд Ајдарага.

Бидејќи предлогот на пратеникот Газменд Ајдарага е усвоен, тогаш констатирам дека истата пратеничка група што ги испитуваше состојбите настанати во Радовиш и Куклиш е задолжена да го испита случајот и во Дебар.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред да се дополни со:

1. Предлог на одлука за разрешување заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во СКопје,

2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото,

3. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници,

4. Предлог на одлука за именување членови на Републичката комисија за односи со верските заедници,

5. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври".

6. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски",

7. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Работничкиот совет на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец", за именување директор на Ансамблот.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата е усвоен.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на денешната седница да се донесе Закон за берзи на земјоделски прехранбени производи и Одлука за основање на јавно претпријатие за берзанско работење "Агро-берза" Скопје.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да ја образложи итноста од донесување на овие акти.

Има збор министерот за земјоделство и шумарство и водостопанство Иван Ангелов.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитувано претседателство почитувани пратеници, Законот за формирање на берза за земјоделски прехранбени пороизводи го предлагаме по итна постапка од, и за вас познати причини, заради тоа што со берзата ние сакаме да извршиме едно регулирање на прометот на земјоделските прехранбени производи, а особено во овој период кога имаме една кулмунација, би рекол, на земјоделските производи, особено од раноградинарските култури, и се укажува на итноста да се донесе еден таков закон за формирање на берза, преку која на одреден начин ќе се пристапи кон решавање и регулирање на вишокот на производството. Впрочем, за овој закон и ова Собрание има донесено заклучоци за формирање на берза. Ако се сеќавате и на последната седница кога се расправаше за аграрот, ние добивме налог од ова Собрание да предложиме еден таков закон за еден месец. Еве законот сега ви е предложен и молам законот да биде донесен по итна постапка заради состојбите што моментално ги имаме во аграрот, дотолку повеќе што очекуваме уште наредната недела да пристапиме кон формирање на берзата, ако законот биде донесен.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој е за Предлогот на Владата да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија предлага по итна постапка на денешната седница да се донесе закон за преземање обврска за обезбедување на денарски средства по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од Република Македонија.

Го молам претставникот на Владата да го образложи предлогот од потребата под итноста за донесувањето на овој закон.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Владата предлага, со оглед на состојбата што настана со донесување на законот за преземање на депонираните девизни штедни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија, да се блокира активноста на банките со населението, по итна постапка да се разгледува и донесе Закон за преземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплата по основ на депонирани девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија. Текстот на законот се утврдува во комисиите на Владата и ќе биде доставен во текот на утрешниот ден. Со оглед на евентуалното продолжување на седницата, со логлед на дневниот ред, молиме да биде прифатен во дневниот ред и да се разгледува во продолжение на седницата.

СТОЈАН АНДОВ:

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (2)

Дали е некој воздржан? (1)

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на Владата. Ја задолжуваме Владата благовремено да го достави текстот на Предлогот на законот, да би можеле на една од паузите да ја минеме и постапката во комисиите.

Во врска со Барањето на НУБ "Климент Охридски" за проширување на дејноста со увоз - извоз на странска литература и опрема, Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно-правната комисија предлагаат Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го поддржува Барањето на НУБ "Климент Охридски" за проширување на дејноста со увоз-извоз на странска литература и опрема.

2. Собранието на Република Македонија смета дека за проширување на дејноста на НУБ "Климент Охридски" потребно е да се измени и дополни, Законот за библиотечна дејност.

3. Тргнувајќи од ова, Собранието ја задолжува Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за библиотечна дејност во смисла на Барањето на НУБ "Климент Охридски".

4. Овој заклучок заедно со Барањето на НУБ "Климент Охридски" и мислењата на комисиите да се достави до Владата на Република Македонија, до Министерството за култура и до НУБ "Климент Охридски".

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Во врска со Барањето на Секцијата на училишни педагози на Македонија за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно воспитание и образование, Комисијата за образование, наука и култура и Законодавно-правната комисија предлагаат Собранието да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го поддржува барањето на секцијата на училишните педагози на Македонија за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно воспитание и образование.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата на Република Македонија при изготвувањето на новиот закон за предучилишно и основно воспитание и образование да го има предвид ова барање.

3. Овој заклучок заедно со барањето на :секцијата на училишните педагози и извештаите на комисиите да се достави до Владата на Република Македонија, Министерството за сбразование

и физичка култура и до Секцијата на училишните педагози на Македонија.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

(пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот

заклучок.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров достави предлог за изготвување Информација за воените станови во Република Македонија со образложение и предлага да ја задолжиме Владата на Република Македонија да изготви Информација за состојбите и проблемите со воените станови во Република Македонија.

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров, молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Има ли некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека предлогот на пратеникот Тодор Петров е усвоен.

Пред да го утврдиме дневниот ред, еве за збор се јавува за збор господинот Мухамет Халили. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:

Имате вие благовремено доставен предлог за дополнување на дневниот ред од група пратеници на ПДП. Сите предлози ги прочитавте а тој предлог не. СТОЈАН АНДОВ:

Уште нема мислење од Владата.
МУХАМЕТ ХАЛИЛИ:

Мислење од Владата имате и бидејќи ние имавме два такви случаи кога формиравме анкетни комисии, без мислење на Владата, а јас незнам зошто Владата треба да дава мислење за такво нешто, бидејќи тоа не е во надлежност на Владата, ниту е закон, туку е формирање на комисии. Затоа јас инсистирам и предлагам да биде овде да се разгледа. Како со другите комисии така и со оваа да се постапи.

СТОЈАН АНДОВ:

Се работи за предлог да се формира анкетна комисија, кој е доставен до пратениците и комисиите. Меѓутоа гледајќи ги одредбите на Уставот ние оценуваме дека една анкетна комисија може да ги обавува сите задачи, а не поединечна анкетна комисија за секоја задача. Сега во ред е господинот Халили, сепак инсистира за тоа да мине на Собранието.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Јас не го оспорувам фактот која комисија ќе ја врши работата. Тоа е небитно за мене. За мене е битно да се формира анкетна комисија. Може да биде таа што е од порано формирана. Главно Предлогот да дојде тука на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако прифаќате таа што е формирана да го истражува само тоа, значи дека службите предметот кој треба да биде истражуван го упатат на анкетната комисија. Имаме одлука за формирање на анкетна комисија од минатиот пат.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Во мојот предлог, со група пратеници од ПДП сум предложил да се формира анкетна комисија за заштита на граѓанските права и слободи на вработените при МТВ албанска редакција. Образложение имате. Да не губиме време сега да го читаме образложението. Тоа е целта на мојот предлог. Сега за мене е небитно која комисија ќе биде. Главно една комисија да ги испита причините за нарушување на тие слободи и права.

СТОЈАН АНДОВ:

Тогаш вака, бидејќи овој предлог не бил на работните тела и немаме извештај , предлагам сега да го уврстиме во дневниот ред а на паузите надлежните работни тела да го разгледаат и да проценат дали е потребна посебна анкетна комисија, каква комисија и како може воопшто ова да добие натаму тек. Тогаш да расправаме.

Предлагам да го уврстиме предлогот во дневниот ред.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Немам ништо против да се расправа по комисии ако на комисии е расправано и за други случаеви. Ако за другите два случаи не е расправано по комисии, зошто да правиме исклучок за една работа која би требало да биде така. Прифаќам, ако за другите случаи имавме таков третман на работа, тогаш прифаќам. Немам ништо против.

СТОЈАН АНДОВ:

Се разбира дека имаме таков третман. Ако е тоа акт за формирање за задачите на Комисијата, мора ЗПК да го погледа. Ако се работи за составот, тогаш составот го предлага Комисијата за прашања на изборите и именувавата.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, пред два месеци имавме еден предлог конкретен од СДСМ за формирање на таа постојана анкетна комисија. Меѓутоа тогаш не успеавме да ја формираме и беше формирана адхок парламентарна комисија која ги испитуваше случаите во Куклиш, Радовиш и тн, и која еве сега се шири.

Мислам дека би било добро, можеби и претседателот да даде еден предлог а,Собранието да се согласи на наредната седница, под итно да се формира таа анкетна комисија и сите овие барања како што беше барањето на пратеникот Мухамед Халили да ги земе под третман. Таа ќе си усвои свој деловник за работа како анкетна комисија. Дали ќе бара соодветни информации од министествата и други, мислам дека не би било добро нисе сега постојано за секој случај да формираме такви групи. Таа анкетна комисија ќе ја има таа задача и во иднина со тоа ќе се занимава.

Предлогот е сепак да одиме на формирање за наредна седница, под итно, на анкетна комисија. Овој случај, ова барање би била прва задача на таа анкетна комисија.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Начелно се согласувам таа анкетна комисија да биде формирана како постојана комисија на ова Собрание. Меѓутоа, со оглед дека за другите случаи формиравме таква комисија, за случајот во Валандово и слично, не би било добро постојано кога се работи за барања од групата ПДП да изнаоѓаме други пречки процедурални и слично, па затоа предлагам оваа комисија и овој пат вака да важи, Собранието да формира таква комисија, а потоа во иднина сигурно дека треба да се формира таква постојана комисија.

Според тоа, предлагам оваа комисија за овој случај да биде денеска формирана, а не да го одлагаме за наредна седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Што ќе направиме тоа е друга работа. Ние треба точката да ја уврстиме во дневниот ред. Тоа е предлогот. За тоа расправаме, а не дали ќе формираме или нема да формираме. Може и да не формираме. Може да одлучиме друго. Но, треба да расправаме.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Сметам дека анкетните комисии се новина, согласно новиот устав, согласно член 76. Направивме одредени преседани. Ако продолжиме вака ние ќе станеме истражни одделенија на министерствата и другите служби.

Анкетни комисии можат да се формираат како повремени во сите области, за сите прашања, доколку се прашањата од јавен интерес.

Ова Собрание треба да утврди дали постои прво јавен интерес па потоа да формира анкетна комисија. Морам да кажам дека ако продолжиме вака за секое прашање,маргинално и обично од животот, што е надлежност на извршните и други органи ќе треба да се занимава ова Собрание.

Постои и постојана анкетна комисија за заштита на човековкте права. Мораме да кажеме дека и во членот 86 наодите на анкетната комисија служат само исклучиво за одговорност за носителите на јавни функции. Сметам дека еднаш треба да се расчистат овие прашања. Ако продолжиме вака да правиме преседани, за секој град, за секое село, ја губиме основната функција на ова Собрание како апрстставнички орган и носител на законодавната власт. Сметам дека треба претходно за секое прашање кога ќе се бара да се утврди дали е од јавен интерес или не е од јавен интерес.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас молам тоа да го направиме откако ќе биде точката на дневен ред, Сега да престанеме со материјалната расправа.

Имаме предлог од група пратеници да се дополни дневниот ред со формирање анкетна комисија за заштита на граѓанските права на вработените во МТВ-Албанска програма. Сега да ја уврстиме во дневниот ред, а кога ќе дојде расправата, ќе помине низ комисиите, комисиите ќе се искажат и тн. Така што тогаш ќе знаеме точно што да направиме.

Предлагам да се усвои предлогот на господин Халили. Кој е за, молам да крене рака? {Пратениците креваат рака)

Дали има некој против?(4)

Дали има воздржани? (1)

Констатирам дека предлогот на господинот Халили е усвоен.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Со цел респект кон должината на дневниот ред,ценам дека имаме една специфична ситуација и состојба, па затоа предлагам дневниот ред да се дополни со уште една точка а тоа би било Информација за актинвостите на Владата околу рг-зрешување на проблемот со откупот на раногрдинарските производи и конкретни мерки за разрешување на истите.

Би дал само кратко образложение. Веројатно знаете дека оваа недела фактички започна производството на раноградинарските производи. Проблемот со пласман кој се очекуваше дека ќе се јави, се јави сеуште не многу изостено, меѓутоа од ден на ден ќе биде се поизострено и ќе има огромни проблеми.

Бидејќи и претходно нагласив дека овој проблем не е од економска природа, туку е повеќе од политичка природа, ценам дека Владата мора да предложи посебни мерки односно да преземе некои активности со што би придонела да се разрешат овие проблеми што сега се јавуваат.

Сакам да напомнам дека сега, со монетарното осамостојување практично се затворија сите други пазари од Бивша Југославија, овие производители, а нивниот број не е мал, околу 200 илјади, практично први се најдоа на удар на монетарната политика на оваа земја. Според тоа, ценем дека мора да се излезе во пресрет и да се најдат некои решенија. Верувам дека Владата има досега преземено активности, па би бил задоволен доколку добијам и усна информација, со надеж дека има и некои конкретни мерки. Веќе видов дека со предлагањето на Законот за берзата има нешто направено. Но, ценам дека е малку доцна

и дека оваа сезона нема да функционира. Тука е и итноста на моето дополнување на дневниот ред бидејќи во овие моменти започна и најголемиот удар во производството на овие производи.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор преставникот на Владата.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитувани пратеници, ако се согласувате да дадам усмена информација за активностите, јас би прифатил и би замолил ако може оваа информација да ја дадам во рамките на расправата по овие две точки за Берзата и за Одлуката.

Би замолил ако може овие две точки да се разгледаат околу првите, поради тоа што во 15 часот имам гости токму околу Берзата па да ги разгледаме меѓу првите.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја чувте оценката околу итноста и на Владата.

Дали се согласувате со ова? (Се согласуваме) Дали се согласувате таа информација да се даде во врска со разгледувањето на Законот за берзата? (Се согласуваме).

ТИМЕ АНДОНОВ:

Бидејќи помина доста време од настаните во Радовиш од 31 март а за тоа формиравме Комисија, мислам дека е ред на оваа седница да се стави точка во дневниот ред - Извештај на Комисијата што ја формиравме за оваа намена. Мислам дека и јавноста очекува мислење на оваа комисија.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам господин Петров да ја објасни итноста и состојбата во која се наоѓа Извештајот.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Јас ќе кажам само информативно и барам по предлогот да не се отвора расправа, заради тоа што постои работен текст на Извештаојт што ќе биде доставен на првата наредна седница. Меѓутоа информативно ќе го кажам само следново:

Комисијата беше на разговори и во Радовиш и во Струмица и во Струга. На 2 април, веднаш после нејзиното формирање организираше разговори со Одборот за организирање на митингот, со Земјоделскиот сојуз во Радовиш, Општинскиот јавен обвинител, инсепкторот за труд во Радовиш Здравствениот дом и претставници на Собранието на општина Радовиш. Посетени се селото Ињево и селото Тополница.

На 3 април се водени разговори од страна на Анкетната комисија со АД Јака, со претставници на Здружениото на тутунопроизводителите "Арома", Министерството за внатешни работи - Радовиш и по Иницијатива за да се отвори дијалог помеѓу сите заинтересирани страни во врска со настанатиот случај повремената анкетна комисија предложи и одржа заеднички состанок со сите заинтересирани страни за формирање паритетна комисија која со претставници на Владата ќе ги разрешува настанатите проблеми помеѓу тутунопроизводителите и АД "Јака" - Радовиш.

На 8 април Работната група беше во посета на Струга и водеше разговори со група граѓани од протесниот митинг во Скопје, во организација на ПДП. Веднаш после овие разговори од страна на повремената анкетна комисија доставени се барања за соработка и доставување свои мислења и извештаи до Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за стопанство, Јавниот обвинител на

Републиката, Републичкиот трудов инспектор и СОК на Македонија. Од сите овие органи и организации на управата и републички добиени се мислења освен од СОК на РМ.

На 4 мај добивме мислења и ставови по однос на овие протесни митинзи во "Јака" - Радовиш од "Југотутун" - Деловниот систем за производство на тутун. Завчера ги добивме писмените материјали од Министерството за Внатрешни работи со документација за случајот во врска со одржаниот митинг и случајот со групата граѓани пред Железничката станица во Скопје. Сите пријави од граѓаните доставени во врска со пречекорување на овластувањата на Министерството за внатрешни работи препратени се до Министерството и се во постапка. Од страна на Министерството,веќе четворица вработени во Службата за внатрешни работи во Срумица се суспендирани. Единствено Работната група треба да одржи разговор по добивањето на писмената документација со претставници на Министерството за внатрешни работи кои евнетуално го предизвикале инцидентот кој настанал со групата граѓани од Струга.

Извршена е посета во село Куклеш. Разговарано е со Иницијативниот одбор, со претставници на подрчната единица на Министерството за внатрешни работи и единствено останува Работната група своите различни видувања, оценки за состојбите да ги подготви како заклучоци и да ги предложи на Собранието.

Јас сметам дека за наредната прва седница тоа ќе биде доставено и би сакал да порачам, бидејќи во јавноста почнаа разни манипулирања во врска о Извештајот на Работната група дека Работната група нема право да именува работоводен орган во АД "Јака" - Радовиш.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави господин Крстевски, но претходно да предупредам дека не распаваме во врска со Информацијата, туку дека утврдуваме кога ќе биде на дневен ред.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Мислам дека ако господинот Петров го следевме во Лос Анѓелос досега ќе утврдеше таму за пречекорувањето на американската полиција околу немирите. Овде прозлезе од неговиот извештај, тој практично го даде дека оваа Комисија си ги проширила овластувањата што ние и ги дадовме. По мое убедување со оглед на карактерот на таа Комисија и секоја анкетна комисија што ќе ја формираме која не смее да има истражни дејствија по мое длабоко убедување за да не го суспендираме ниту правниот систем, ниту судскиот систем мислам дека треба да се расправа, а незнам кои се причините што толку време.Смислата на формирањето беше за конкретните три случаи да се види пречекорувањето на органот таму кој интервенирал. Ништо повеќе. Сега ние нема да правиме мировни протести помеѓу села, органи и т.н.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се заврши извештајот, да се достави и да го разгледа Собранието. Тогаш ќе расправаме за овие работи. Ако е тоа тешкотија да се дојде до извештај, навистина Комисијата треба да се држи само до надлежностите.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Како 31-ва точка од дополнетите точки на дневен ред, всушност точката 46 од дневниот ред е дадена информацијата за состојбите во здравството и предложените мерки кои ги нуди Владата за нивно решение. Но, со оглед на акутноста на состојбата во здравството, како најавениот и веќе одржан штрајк на здравствените работници, на работниците во фармацијата и социјална заштита предлагам оваа проблематика да се ревидира како втора точка на дневен ред, а како прва точка да биде предлогот за промена на Уставниот закон.

Тоа е основна точка, а како втора точка да дојде Информацијата за состојбите во здравството со предлог мерки кои ќе ги заклучи ова Собрание.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа е за редоследот. Прво, мораме да го утврдиме дневниот ред.

НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:

Барам за денеска да не се расправа по Предлогот на закон за лична карта и Предлог на закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија, бидејќи и така и така имаме до 18 мај сите овие системски закони беше време да се донесат, но имаме и предлог за донесување Уставен закон за измена на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија и тоа е прифатено од страна на Владата. Овие закони можеме да ги разгледуваме подоцна на некоја од идните седници, а образложение за тоа е дека пред да се расправа за овие закони моето мислење е да се донесе законот за употреба на јазиците на националностите и да се види во кои случаи ќе се применат јазиците на националностите во врска со овие документи, па потоа можеме слободно да расправаме и по овие закони.

СТОЈАН АНДОВ:

Претставниците на Владата не се присутни,

Предлагам 15 минути пауза за да се викнат надлежните министри од Владата.

(пауза од 15 минути)

По паузата.

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа. Бидејќи господинот Нецати кога објаснување немаше претставник на Владата по тие точки, го молам господинот Нецати Џафери да го повтори барањето.

НЕЦАТИ ЏАФЕРИ:

Зборот беше за пролонгирање на две точки и тоа: Предлог на закон за лична карта и Предлог на закон за патни исправи на државјаните на Република Македонија. Образложение во врска со предлогот е тоа дека пред да се донесат овие системски закони би требало да се донесе законот за употреба на јазиците на националностите бидејќи по овие точки ние пратениците од ПДП имаме свои амандмани за инкорпорирање на албанскиот јазик во овие документи. Затоа би било добро пред овие закони да се доне законот за примена на јазиците и да се знае во кои општини, или локална самоуправа, или каде ќе се применат јазиците на национа ноститеи во кои документи. Тоа беше предлогот.

Имаме и предлог за донесување на уставен закон за измена на Уставниот закон на Република Македонија и тоа е прифатено од страна на Владата и немаме временска бариера во врска со тоа,

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Почитувани пратеници, Законот за патни исправи и Законот за лична карта не е возможно да се одлагаат бидејќи создава проблеми околу дефинирање на патните исправи и нашето патување во странство воопшто и создаваат и политички, проблеми од друг контекст. Доколку амандмани, коментари, односно состојбите и решенијата околу пишувањата на имињата во овие патни документи ова Собрание ги донесе на различен начин , тие ќе се вградат со измена на овие закони. Затоа ова се закони за кои не е потребно двотретинско

и некое специфично мнозинство, па да создаде проблеми во таа смисла. Тие треба да одат вакви какви што се, а понатаму доколку Собранието заклучи нешто друго, со измена на тие закони во понатамошната процедура ќе се изменуваат како и секој закон. Според тоа, тоа не е причина за нивно одлагање сега. А одлагањето од тие причини чекајќи го тој закон прво, воошто е нејасно, затоа што воопшто не е дефинирано дали ќе има посебен закон за употреба на јазиците. Ке има посебен закон можеби само за службената употреба. Што се смета за службена употреба? Тоа се однесува и за службена употреба на македонскиот јазик и за службена употреба на јазиците на националностите во локалната самоуправа. Според тоа, воопшто не е дефинирано каков вид на закон ќе се носи. Тоа е сеуште недефинирана материја. Таа може да се одложи, а со тоа ако со тоа ги поврземе овие закони влегуваме во една потполно нејасна ситуација. Тие треба сега да ги донесеме. Ние дел од тие обврски мораме сега да ги завршиме, мораме да патуваме со нашите патни исправи, се случуваат компликации кои неможеме дури да ги користиме старите патни исправи на веќе непостоечка држава и од таму одлагањето по наше мислење е потполно неприфатливо.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине Џафери, дали инсистирате да го дадам на изјаснување вашиот предлог.?

НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:

Не.

СТОЈАН АНДОВ:

Прифаќате. Значи не мора да одиме на изјаснување.

Дали некој друг бара збор по други прашања?

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Јас би имал само едно прашање до претседателството, бидејќи имаше иницијатива од група пратеници. Зошто иницијативата за отворање расправа во врска со заштита на Дојранското Езеро иако има и мислење од Владата, иако во иницијативата стоеше да биде за наредната седница, а тоа е оваа,не е ставена во дневниот ред?

СТОЈАН АНДОВ:

Дознаваме дека во фазата на утврдување на дневниот ред кога ние го утврдувавме за 38-та седница да го предложиме и ова овде и решението кое е потпишано тогаш не биле дојдени сите мислења. Ако вие имате предлог сега да го уврстиме, да го уврстиме И додатниот аргумент дека тоа прашање ќе се разгледува во рамките на програмата како што стои заштита на Охридското, Дојранско и Преспанско Езеро за сите заедно.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Јас само би ви спомнал, во иницијативата ние имавме практички две барања. Прво, Владата да предложи мерки од итен карактер кој што можеме да ги кажеме и привремени за решавање на сите проблеми околу заштитата на езерото.Втора фаза би била некоја поголема студија која трајно би го решила проблемот со заштита на Дојранското Езеро. Бидејќи ова мислење на Владата е од 21 април 1992 година, ценам дека било дојдено на време и дека можело да се уврсти на дневен ред. Меѓутоа, можеби е направен некој процедурален пропуст. Затоа предлагам да влезе во дневниот ред на оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот на господинот Станковски да го dадеме на изјаснување.

Прво, овде има претставници на Владата.

Дали да расправаме одвоено за ова езеро, или заедно за трите езера?

ИВАН АНГЕЛОВ:

Мислам дека ова е покомплексен проблем и предлагам како што беше и заклучокот комплексот на Дојранско Езеро да се гледа заедно со комплексот на останатите езера во онаа студија што ќе биде изготвена од страна на министерството за екологија и урбанизам.

СТОЈАН АНДОВ:

Го имаме ставот на претставникот на Владата.

Предлогот на господинот Станковски го ставам на изјаснување да се уврсти денес на дневен ред.

Кој е за, молам да крене рака.? (29)

Според тоа, не е усвоен предлогот.

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:

На паузата дојде министерот за градежништво и урбанизам и би сакала само да соопштам , т.е. да прашам по кои критериуми да кажеме беше дадена пауза да се повика министерот Фрчковски за да даде одговор за предложеното нешто да се симне од дневен ред, а тоа не се случи со другите предлози. Дали е тоа во согласност со Деловникот?

СТОЈАН АНДОВ:

Дадов пауза по Предлогот на господинот Нецати Џафери заради тоа што тој предлог стана познат во тој момент овде и на министерот Фрчковски немаше на било кој начин да му биде претходно познат. И затоа морав да дадам пауза, да го повикаме да го известиме

овде и да дадеме мислење на Владата. Не дадов пауза по другите проблеми за кои требаше да има претставник овде на Владата, затоа што во писмена форма предлозите од комисиите беа дадени, на министерот му беа достапни, на Владата беа достапни, тие можеа со писмо да го известат Собранието дека таквиот став на комисиите е неприфатлив за нив, или барем да биде министерот овде присутен. Немаше никаква потреба да давам пауза и дополнително да го известуваме министерот за она што во писмена форма нему му е доставено, а тој не најде за потребно да биде токму тогаш тука кога работевме на дневниот ред и се разбира Собранието се изјасни за таа работа. Дали некој друг бара збор? (никој) Според досега утврдената за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на Уставен закон за изменување на Уставниот закон за изменување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија.

2. Предлог за донесување на закон за странски вложувања,

3. Предлог за донесување на закон за данокот од добивка,

4. Предлог за донесување на Царински закон,

5. Предлог за донесување на закон за концесија,

6. Предлог за донесување на закон за хартии од вредност,

7. Предлог за донесуваше на закон за банките и другите финансиски организации,

8. Нацрт на закон за Јавното обвинителство,

9. Нацрт на закон за адвокатурата,

10. Нацрт на закон за судовите.

11.Нацрт на закон за Републичкиот судски совет;

12.Предлог за донесување на закон за данокот на промет на производи и услуги, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за плаќање на посебна давачка за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за посебната такса на увезени стоки,со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за плаќање меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата застопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година врз основа на стоковните листи меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за воспоставување

на дипломатските односи меѓу државите, со Предлог на закон;

21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Словенија за укинување на визите со Предлог на закон,

22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка меѓу Република Македонија и Република Бих со Предлог на закон,

23. Предлог за донесување на закон, за ратификација на Спогодбата за размена на стоки во 1992 година, врз основа на стоковните листи меѓу Република Македонија и Република БиХ со Предлог на закон.

СТОЈАН АНДОВ: (Продолжение)

24. Предлог за донесување на закон за издавање обврзници на Република Македонија, со Предлог на закон.

25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со Предлог на закон;

26. Предлог на закон за државјанство на Република , Македонија;

27. Предлог на закон за личната карта;

28. Предлог на закон за патните исправи на државјаните на Република Македонија;

29. Предлог на закон за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас;

30. Предлог на закон за матичниот број на граѓаните;

31. Предлог на закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;

32. Предлог на закон за движење и престој на странците;

33. Предлог на закон за преземање на обврска за обезбедување на динарски средства за исплати по основ на депонирани девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија;

34. Предлог на закон за берзи на земјоделски прехранбени производи;

35. Предлог на одлука за основање на јавно претпријатие за берзанско работење "Агро-берза" - Скопје;

36. Информација за состојбите и проблемите во здравството, со посебен осврт на функционирањето на новиот систем на здравствената заштита на населението;

37. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за стапките и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување во Македонија;

38. Извештај за остварените монетарно-кредитни движења и економските односи со странство во 1991 година, со

- Предлог на одлука за потврдување на Годишната сметка на Народната банка на Македонија за 1991 година, и

- Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Македонија за 1992 година;

39. Извештај за работата на Службата на општественото книговодство на Македонија за 1991 година?

40. Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија;

41. Информација за оправданоста и законитоста на одземањето на паричните средства од граѓаните на територијата на Република Македонија од страна на МВР;

42. Предлог на одлука за одобрување на Пресметката за приходите и расходите за распределба и користење на средствата за работа на Републичкиот, Градскиот и општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата за 1992 година;

43. Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за именување на индивидуален работоводен орган на Педагошката академија "Гоце Делчев" - Штип;

44. Предлог на одлука за разрешување заменик јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје;

45. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на РМ од редот на научните и стручните реботници од областа на правото;

46. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници;

47. Предлог на одлука за именување членови на Републичката комисија за односи со верските заедници;

48. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";

49. Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување н наградата "Климент Охридски";

50. Предлог на одлука за давање согласност на одлуката на Работничкиот совет на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец" за именување директор на Ансамблот;

51. Формирање на предлог на група пратеници на ПДП, формирање на Анкетна комисија за заштита на граѓанските права

на вработените во Македонската телевизија - Албанска програма;

52. Информација за раниот зеленчук во аграрот.... Меѓутоа, се договоривме да не биде тоа посебна точка

и не треба да биде, туку во текот на расправата по агро-берзата, тогаш ќе биде дадена таа информација.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Предлогот на пратеникот Ајдарага не го прочитавме.

Се дава задача на Комисијата да ги разгледа состојбите во Дебар. Само работен заклучок, па јас предлагам пред донесување на дневниот ред да го усвоиме како работен заклучок, да не оди на дневен ред. Гласавме за тоа да не оди сега.

Предлогот на Симјановски информација за актуелните состојби во здравството, предлагам да расправаме како втора точка. Дали се согласувате со тоа?

ЏЕЛАЛ ТАИРИ:

Јас немам предлог околу дневниот ред,туку само од техничка природа со оглед дека овој дневен ред што ни беше доставен овде на работните маси има доста измени и расправајќи по првата точка би сакал да се изврши ревизија на овој дневен ред и по овој редослед што го читаше претседателот да ги имаме со цел да ни се олесни работата околу натамошното работење. Барам пречистен текст на овој предлог на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Ќе се направи пречистен предлог на дневен ред.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Предлогот што гласи дека како точка 2 треба да се гледат проблемите во здравството сакам само да прашам дали одлуката за дополнување на стапките ќе оди како втора точка?

Сега сакам да кажам дека Комисијата за финансирање и буџет не ја гледала оваа одлука и како матична комисија сакам да го кажам тоа, па да се има предвид при утврдувањето на редоследот на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Дајте да ги разјасниме работиме околу ова.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Министерот за земјоделие рече Предлогот за донесување на закон за берза на земјоделско-прехранбени производи со предлог на закон да оди како прва точка, бидејќи со таа точка ќе оди и информацијата што ја побара колегата од Гевгелија, бидејќи е поврзано со доаѓање на гости од странство во врска со берзата па предлагам тоа да оди како прва точка и одлуката за основање на јавно претпријатие за берзанско работење"Агро-берза".

СТОЈАН АНДОВ:

Дали во враска со дневниот ред некој бара збор?

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Јас имам предлог, доколку се прифати по првата точка во врска со промената на Уставниот закон и евентуално точката два за здравството како приоритетни предлагам со точката 3 да се поместат сите овие закони кои се во последна фаза на усвојување тргнувајќи од Законот за државјанство, Законот за лична карта, патни исправи, Законот за преминување на границата, тие се во последна фаза и мислам дека треба да им дадеме приоритет, а не на овие закони што се во втора или почетна фаза. Мислам дека би било добро еднаш да ја заокружиме и да ја завршиме работата.

СТОЈАН АНДОВ:

Да се договориме, имаме некои од предлозите што се навистина прифатливи, но еве да не продолжувам јас за збор се јави господинот Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Во функција на вашето кажување претседателе, морам да ве известам дека ЗПК ги нема гледано законите за берзата и сигурно сметам како една комисија да нема пречки во нивната натамошна примена би требало да ги гледаат. Тоа да го имате предвид при утврдување на дневниот ред,на редоследот.

СТОЈАН АНДОВ:

Точно тоа сакам, ние да го утврдиме дневниот ред, а за редоследот ќе кажам нешто што да направиме.

Значи, дневниот ред го утврдивме, сега на редоследот. Сакам да кажам оти имаме неколку итни работи и тоа итна е одлуката за здравството, итна е берзата, итна е измената на Уставниот закон меѓутоа, тие се итни, а не се гледани од комисиите. За Уставниот закон денеска дојде мислењето од Владата ниту Уставната комисија ниту ЗПК можеле да го гледаат, според тоа, мора да ги гледаат и јас закажав седница на Уставната комисија за 14:00 часот, а овие другите комисии треба да го гледаат исто така и Уставниот закон, а овој закон за берзата задоложително треба да биде гледан од прво од ЗПК, па потоа од сите работни тела како што се Комисијата за земјоделие, Комисијата за стопанство, и веројатно Комисијата за финансирање и буџет бидејќи имаат обврски. Значи, сите работни тела треба да ги гледаат. Исто така и одлуката за здравство.

Сега сум во една дилема дали да дадеме пауза комисиите да си ја завршат работата. Ве молам немаме што друго да правиме заради тоа што ние ќе продолжиме, а таа работа што е иста останува незавршена, а продолжуваме по оние работи кои можат да почекаат.

Во тоа е работата.

Друга работа е што материјалите се многу доста доставени и нормално комисиите не ја завршиле работата. Дајте да ја завршиме работата, надлежните тела нека ги гледаат веднаш сега Законот за берза и одлуката за придонесите во здравството.

Пречистен дневен ред ќе ви се даде, се работи на тоа.

Бидејќи нема веќе предлози во врска со дневниот ред. има само предлози само да се смени редоследот на точките, се договоривме каков да биде редоследот и методот на работа.

Кој е за вака предложениот дневен ред, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема) Дали некој се воздржува од гласање? (Никој) Констатирам дека ќе работиме по тој дневен ред само да се достави пречистен дневен ред до пратениците.

Предлагам пауза од еден час, па потоа ќе продолжиме со работа.

(Седницата прекина со работа во 12,30 часот).

СТОЈАН АНДОВ:

Предлагам да почнеме со работа.

Предлагам ние сега прво да ја разгледаме 34-та точка од дневниот ред.

Дали се согласувате со предлогот?(се согласуваат).

Минуваме на точка 34 - Предлог на закон за берза на земјоделски и прехранмбени производи.

Предлогот на законот и извештаите на комисиите за земјоделство и шумарство и ЗПК Ви се поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Видејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам, каков е односот на комисиите , бидејќи овде е делен извештајот. Дали извештаите на комисиите и измените кои се внесени се прифатени од Владата?(Прифатени се).

Добро, извештаите на комисиите стануваат составен дел на Предлогот на законот.

Прашав , дали е поделен извештајот од ЗПК?(Не е).

Дали известителот на Комисијата сака да ни каже каков е исходот од расправата на комисијата?

ТУШЕ ГОШЕВ:

ЗПК го разгледа Предлогот за донесување на законот и предлогот на закон и во целост го прифати. Ве известувам дека нема никакви забелешки на дадениот текст на предлагачот.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам, кој е за, да крене рака?(Пратениците креваат рака).

Има ли некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето?(Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за берзи на земјоделски и прехранбени производи.

Минуваме на точка 35 - Предлог на одлука за основање на јавно претпријатие за берзанско работење "Агро-берза" - Скопје.

Предлогот на одлуката , извештаите на Комисијата за земјо-делство и шумарство и ЗПК Ви се поделени.

Дали е поделен извештајот од ЗПК?(Не е).

Дали известителот сака да каже нешто за тоа што расправале и одлучиле?

ТУШЕ ГОШЕВ:

Аналогно на законот исто така и за одлуката ЗПК смета дека одлуката ги почитува нормативните определби на законот што е донесен, законот за берза и смета дека ги исполнува условите за да биде донесен денеска.

Има една единствена забелешка на членот 6 каде кажува дека Собранието на берзата брои 5 членови од кои 3 членови именува Владата, а два члена се постојани членови на берзата. Тое е исправката

Исто така кога веќе сум тука да кажам и една моја забелешка.

Бидејќи со оваа Предлог-одлука дефакто се формира јавно претпријатие за работење "Агро-берза" - Скопје која берза ќе биде во државна сопственост и аналогно на членот 4 , "Службен весник" 84 од 1989 година, бидејќи оваа одлука го нема уредено прашањето во врска со спроведувањето на стечај и на присилното порамнување па ако веќе прифативме ова јавно претпријатие да биде во државна сопственост и аналогно на членот 4 од Законот за стечај и присилно порамнување, дали за неа ќе важи стечајната постапка во случај ако ги исполнува условите за стечајна постапка. Тука оваа одлука не ги уредува овие прашања, што мислам дека е една слабост на одлуката.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор или има прашање во врска со ова објаснување што го даде пратеникот Туше Гошев?(Нема).

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Јас не би кажал во врска со општиот претрес, меѓутоа, кога го усвојувавме дневниот ред министерот за земјоделие требаше да даде информација во врска со откупот и пласманот на земјоделските производи, а не знам дали таа информација треба сега да ја даде или на крај откако ќе ја завршиме точката.

СТОЈАН АНДОВ:

Министерот ќе даде информација, но прво да ја апсолвираме точката.

Дали некој бара збор во врска со општиот претрес?(Никој).

Можеби и во општиот претрес, министерот требаше некои дилеми да расчисти, тоа што и Гошев ги кажа и што сега во оваа фаза на трансформација ги имаме. Во услови на приватизација ние правиме нови државни претпријатија, јавни претпријатија, па да видиме кои се околностите. Можеби тоа можеше да се каже во општиот претрес, или пак во претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Беше спомнат и овој проблем пред ЗПК. Дефакто членот 4 ги уредува сите овие прашања каде кажува дека берзата се основа како јавно претпријатие, а согласно членот 2 од Законот за претпријатија и поточно членот 24-а и 24-б од Законот за претпријатијата предвидува јавното претпријатие да може да се организира во три облици: во приватна, мешовита и државна сопственост. Аналогно на ова во членот 8 и во членот 11 од Одлуката што ја нуди за основање на ова претпријатие, дефакто овозможува и оваа ваша констатација да биде материјализирана каде кажува дека берзата може по основ на вложување на средства од домашни и странски лица да се трансформира во една од формите на претпријатијата во мешовите сопственост, да изврши статусни промени како и да се поврзе со капиталот во сложени форми на организирање согласно на законот, а на тоа упатува членот 24-а и 24-б од Законот за претпријатијата и аналогно на членот 4 став 1 и 2 од Законот што сега дефакто го и усвоивме.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа всушност е една комплетна нова активност бидејќи веќе во следниот член односно став се кажува дека пак треба да се дојде до Собранието. Засега овој акт е акт на основање на државно претпријатие т.е. на јавно претпријатие во државна сопственост. Тоа го

правиме ние сега и тоа го правиме пред да се обидеме нешто друго да направиме .

ТУПЕ ГОШЕВ:

Јас во таа смисла кажав Законот за берзи овозможува на сите стопански субјекти да основаат правен субјект берза во приватна, државна и мешовита сопственост. Одлуката дефакто го материјализира членот 4. Сега Македонската држава се јавува како основач на државна берза, а во членот 11 од Одлуката не останува само да биде државна берза, туку дава можност со трансформирањето во мешовите облик на организација на сопственост да учествуваат и другите физички и правни лица во берзата.

СТОЈАН АНДОВ:

Мене ми е јасна конструкцијата на законот и конструкцијата на одлуката. Прашањето што го поставувам е нешто друго.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, подготовките за формирање на продуктна берза се вршеа од поодамна. Меѓутоа, како што се приближуваше крајот за да се пристапи кон нејзиното основање како акционерско друштво, субјектите кои во своевреме се биеја во градите за формирање на тоа акционерско друштво, како да се дистанцираа, а проблемите кои се присутни во оваа свера не одлагаат уште една година затоа што во овој момент ако не се формира оваа берза, можеме комотно до пролет да размислуваме каква и во кој облик да ја формираме. Тоа е тоа , зошто е опре-делбата во оваа одлука да се формира државно претпријатие во овој сериозен момент за пласманот и откупот на земјоделските производи да може и таа да се вклучи во разрешувањето на проблемите.  Поради

тоа се предлага овој облик, со тоа што тој облик не е траен.Во определените решенија дадени се можности,да се трансформира во еден од можните облици како акционерско друштво и тн. , но да почне бидејќи проблемите се сериозни. Тоа е тоа што е преовладувачко во овој момент, во отсуство на сите субјекти кои се декларираа за акционерско друштво, а после се дистанцираа од тоа. Мислам Собранието од тоа и треба да се определи , затоа што тоа е основниот момент. Ако сега не го формираме како државно претпријатие во перспектива да добива соодветна трансформација, да си го најде своето место и сл. на нас може и оваа сезона да ни пропадне.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Ванчо Младенов.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Притиснати од времето во кое се наоѓаме, односно во кое се наоѓанашата Република во која правиме огромни напори за да бидеме меѓународно признати, со името Република Македонија.

Читајќи го насловот на оваа одлука за формирање на јавно претпријатие за берзански работи "Агро-берза" - Скопје ми доаѓа една асоцијација дали сами не влегуваме во една мрежа која ни ја плеткаат сите од надвор и кои упорно настојуваат да го променат името на нашата Република, Скопје или било кое друго, а еве на некој начин и ние сами со определени наши закони или прописи придо-несуваме таа атмосфера на некој начин и самите да ја подгрејувам.

Поради таа причина ми се наметна прашањето да побарам овде пред Парламентот називот односно името на оваа берза да не биде "Агро-берза" - Скопје, туку да ја преставиме како "Агро-берза"-Македонија. Многу подобро и на некој начин логично , бидејќи таа се однесува за Република Македонија, за производството во цела Македонија, а најмалку за Скопје, бидејќи колку што мене ми е познато во Скопје најмалку има, да не речам и краставици и домати и било што. А со ова даваме сами еден придонес да ги подгрејуваме оние настојувања и амбиции што ги имаме надвор од нашата Република. Да не бев во состојба да го поднесам во писмена форма како амандман, но се надевам дека Парламентот односно пратениците силината на оваа забелешка ќе ја прифатат и дека може да ја прифатиме и без тоа што не е дадена во писмена форма , во вид на амандман.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Во врска со ова сакам да го искажам моето мислење.

Употребата на името Македонија тесно било поврзано со постоење на закон. Секој не може во секоја фирма да го употребува името Маекдонија. Според тоа во отсуство на таков закон за употребата на името Македонија ние затоа се одлучивме за името Скопје, но Парламентот како ќе одлучи тоа е негово. Инаку тоа е агро-берза со седиште во Скопје, на тоа се мисли, не е името на берзата. Берзата се вика "Агро-берза", а седиштето е во Скопје. Затоа така доаѓа.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, ако името е "Агро-берза" дадено во наводници, тогаш во насловот на одлуката Скопје треба да се брише, заради тоа што во текстот се утврдува каде е седиштето.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Добро јас ја прифаќам таа исправка.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

И јас ја прифаќам оваа исправка, како што кажа претсе-дателот .

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Текстот на одлуката го ставам на гласање.

Напоменувам дека насловот на Одлуката е - Предлог на одлука за основање на јавно претпријатие за берзанско работење "Агро-берза".

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на јавно претпријатие за берзанско работење "Агро-берза".

Добро во рамките на оваа 35-та точка да ја ислушаме и информацијата што треба овде да ни ја даде министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, Иван Ангелов.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитувани пратеници, јас ќе се обидам накратко да Ви изнесам информација во врска со проблемите околу пласманот на рано-градинарските производи што денес ги чувствуваме во нашата Република.

Само малку да се потсетиме дека кога ние расправавме и како Парламент овде околу проблемите во аграрот во 1991 година понатаму пролетната сеидба па и одредени мерки кои што беа предвидени во 1992 година, беше искажано и дадена една информација внатре од која можеше да се види со каков обем на производство располага нашата Република во однос на раноградинарските производи. Ние во овој момент исто така имаме направено детални анализи и точно знаеме колкави се нашите количини на производи од одделните земјоделски производи, па дури имаме направено и одредена динамика како тоа производство стигнува.

Во овој момент околу пласманот на раноградинарските производи имаме одредени проблеми меѓутоа, засега дел од проблемите се решаваат . Особено се усложни ситуацијата после осамостојувањето наше и со воведувањето на монетарниот систем. Со воведувањето на нашата монета македонска како ново платежно средство, особено со соседна Република Србија каде што бевме во ист монетарен систем се јавија проблеми и тие сеуште стојат. Дел од нив во овој период ние успеавме да ги надминеме оние проблеми кои беа во рамките на нашата можност односно во наше решавање. Тоа беа определени олеснувања кои ние ги воведовме на нашите ново отворени царински места.

Понатаму само да ве известам, а сигурно вие знаете , уште првиот ден после нашето монетарно осамостојување веќе Министерството за земјоделство даде соопштение, уште вечерта, тоа беше прочитано на ТВ и дадено во нашите јавни гласила, но истовремено со таквото соопштение беа дадени основните насоки што во овој момент треба да направат нашите земјоделски производители да може да се олеснат некои процедурални работи. Ваквите соопштенија преку нашите служби за интегрално земјоделско производство што ги имаме во нашите општини во соодветните региони беа дистрибуирани и истовремено беа одржани одредени состаноци. Ние сме во непосреден контакт со нашите производители особено во тие региони, ги чувствуваме секојдневно проблемите и во рамките на она што можеме ние како Министерство и како Влада да ги решаваме , ние ги решаваме.

ИВАН АНГЕЛОВ: (Продолжение).

Да ве запознам и со следното. Утре имаме закажано состанок во Владата на Република Македонија, на кој се поканети трговските организации од нашите производни центри на раноградинарските производи. Дневниот ред на состанокот се точно проблемите околу пласманот на раноградинарските производи. Ние имаме дефинирано кои се тие проблеми, а истовремено ќе ги слушнеме и проблемите што тие ги чувствуваат како производители.

На тој состанок исто така ќе бидат присутни и членови на Народната банка на Македонија, Министерството за Финансии и низ расправата очекуваме истакнување на одредени проблеми и кои што можеме ние како Влада да ги решиме, сигурно ќе бидат решени.

Истовремено, со донесувањето на Законот што го донесовте денес, па и со одлуката веднаш пристапуваме по формирање на Берзата. Сигурно е дека процесот ќе биде подолг,бидејќи самата процедура и планот што го имаме 6 до 8 месеци ќе тече процесот на формирањето на Берзата, меѓутоа веднаш почнуваме, со дел на реализација на проблемите што треба да ги решава безрзата. Од задутре можеби првите камиони ќе бидат натоварент и пробно ќе бидат пуштени на меѓународните пазари. Нас ни претстои еден навистина долг пат бидејќи следува едно големо преструктуирање; на целото наше однесување во однос на прометот особено на раноградинарските производи. Мораме да се придружуваме на меѓународните закони односно барања што ги има Европскиот пазар. Сега чувствуваме големи проблеми околу опаковката. Нашата република сеуште не располага дури ни со организација која што ќе може да ги прави во овој момент опаковките. Веќе

стапивме во контакти со фабриката Комуна и веруваме дека во наредниот период ќе се изнајдат и такви решенија, но за сега проблемите се присутни. Но, затоа сме ние, да ги решаваме. Веројатно со оваа одлука што е донесена денеска многу работи ќе ни се олеснат за да можеме да пристапиме онака како што треба и да пристапуваме.

Исто така, во рамките на решавањето на проблемите околу пласманот на нашите производи нашата Република има потпишано спогодби со Република Словенија, во чии рамки имаме предвидено околу 68 милиони германски марки за производи од областа на земјоделството, како и со Босна Херцеговина имаме таква спогодба чиј вкупен износ е околу 400 милиони германски марки, во чии што рамки исто така припаѓа голем дел на раноградинарските производи односно на земјоделските производи. Во тек сме на спогодување на Република Хрватска, а исто така очекуваме дека и со Република Србија  ќе се постигнат спогодби како што постигнавме и со останатите две републики кои што спогодби веќе се потпишани. Значи очекуваме и наредната недела веројатно ќе се сретнат нашите спогодби, кои ги имаме изработено и испратено до Република Србија и очекуваме нивно реагирање.

Тоа се на кратко информациите кои што во овој момент чувствувам за потреба да ги искажам пред вас за да се види дека нашата активност не престанува и натаму ќе ги следиме проблемите.

Истовремено и преку Комората се вршат одредени согласувања за да можат одредени стопански субјекти што имаат таква дејност преку нашата Стопанска комора во непосредна соработка со останатите стопански комори, во прв ред на Словенија и Босна и Херцеговина, да се воспоставаат и дирекни контакти.

Во овој момент иако проблемите што стојат пред нас за решавање, мислам дека доколку се реализираат и спогодбите што очекуваме да бидат направени со Република Србија, во кои спогодби ќе биде решен платниот систем, како начинот на плаќање итн.мислам дека проблемите на одреден начин ќе бидат ублажени.

Исто така, се настојува и за одредено активирање на постојните наши преработувачки капацитети. Ние како Министерство сме во непосредни контакти со нив и ќе настојуваме дел од тоа производство што не ќе може да се пласира надвор од нашата Република да биде овде преработувано.

Накратно ценев дека во овој краток период усмено да ве информирам и очекувам понатаму ако има потреба да подготвиме и детална информација.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Прво, благодарам на информацијата, меѓутоа мислам дека некои работи беа повеќе уопштено кажани. Имам едно конкретно прашање, а тоа се наметна при некои разговори со повеќе организации кои што веќе се занимаваат со пласман на овие производи.

Бидејќи сега практично ќе имаме само организиран пласман на земјоделски производи, практично тој пласман воглавно би бил во странство а роковите за плаќање во странство се 60 до 90 дена, или пак како што сега ќе биде најверојатно преку компензации, а тие компензации значи дека до ефективна пара ќе се дојде можеби после 90 или 120 дена. Затоа прашаувам дали Владата ја разгледува можноста и дали постои можност организациите што ќе се занимаваат со откуп да бидат кредитирани, авансно или по пат на кредити од страна на Државата за да можат побрзо на индивидуалните земјоделци, од кои ќе се врши откупот да им бидат исплатени соодветните

средства бидејќи ценам дека доколку денес се одвива откупот, а парите се добијат во септември или октомври месец навистина тоа е еден огромен период и би се јавиле и социјални немири, а сигурно незадоволството би било големо. Затоа ме интересира дали е размислувано кај Владата за ова можност и дали има и реални можности за реализација на оваа можност.

ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:

Јас би сакал да кажам неколку збора во врска со пласманот на раноградинарските производи. До сега нашиот производител самиот го носеше производството во цела Југославија. И покрај тоа и организациите купуваа и пак имало проблеми во врска со пласманот. Секоја година можеби некој производ останувал целосно необран. Како што е сега состојбата и со промената на валутата значи начисто веќе останува во нивите. Можеби со формирањето на Берзата нешто ќе се исправи меѓутоа како што е моменталната ситуација тешко може да се стигне за одредени производи како што е моментално за краставицата, зелката итн. Мислам дека има многу процедури па и покрај тоа што организациите кои што врашат откуп слободно можат да одат по пазарите на другите републики, во Република Србија која претставуваше најголем потрошувач, меѓутоа процедурата за преглед на робата односно производот, за добивање на фитопаталошко уверени секој ден се менуваат. Денес дојдов до сознание да возило кое треба да се упати од Македонија во Србија иако е упатено во Лесковац треба да оди на фитопатолошки преглед, па  потоа да се враќа за Лесковац. Јас знам дека тие проблеми не се решаваат одденаш, меѓутоа би замолил во таква ситуација да не ме сфатите погрешно и ние од овој Парламент, често пати сами придонесуваме употребувајќи го името Србија, србизам и др. а сметам дека

како Парламент ништо со тоа не добиваме кога некогаш без потреба ја употребуваме и ја напаѓаме Србија. Сепак треба да знаеме до сега бил голем потрошувач, народот во Србија можеби сака да го прими тоа наше производство, а ние оттука без потреба понекогаш сами си придонесуваме. Мораме да бидеме пострпливи, потолерантни и без потреба да не напаѓаме.

ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:

Господа пратеници, како сум јас овде, бидејќи бидејќи сум нон стоп овде, нон стоп се зборува за раноградинарските култури, кои што се и потребни и имаат проблеми во однос на продавањето итн. Меѓутоа, во Информацијата на господинот министер јас не слушнав воопшто ништо во однос на сточниот фонд односно за јагнињата што беа до сега откупувани од Лесковац и кои што во времето на откупот беа земени за 350  динари, за после 7 дена да бидат исто од Лесковац платени за 900 динари. Така да девизите наместо да останат кај нас се одлееа во Србија, односно Лесковац си ги зеде девизите.

Јас мислам покрај за раноградинарските култури треба да се зборува малку и за сточниот фонд бидејќи Западниот дел на Македонија не располага со производство на раноградинарски производи, туку секогаш располага со сточниот фонд кој треба да се има предвид и да се води сметка во однос на откупната цена. Најпрво е тоа, па после друго. Раноградинарските култури на пр. краставиците во почетокот беа 350 динари, а сега сигурно се 500 динари и мора сега компензација на краставиците, без да има некоја одредена цена, па после да се продаваат. Меѓутоа, кога ќе се најде кризна ситуација да дадеме компензација на раноградинарските култури. Јас не велам не, туку треба да се води сметка и за Западниот крај.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Јас постојано укажував во овој Парламент за македонското стопанство дека е најголем проблем пазарот. Ние во ранорадинарското производство имаме знаење, имаме земјиште, имаме вода,имаме сонце имаме производство, но главниот проблем е пазарот.Кога укажувавме на тоа дека вака мали земји и требаат големи пазари немаше доволно слух за таа работа. Ние мислевме дека ќе можеме ако ако не пласираме во околните земји ќе пласираме малку подалеку. Па, дури имаше искажувања од најодговорни луѓе најдете нови пазари. Ама да најдеме нови пазари некој треба да ги изгубил. Како да ги најдеме, каде да ги најдеме? Гледате дека е многу тешко да освои еден пазар. Јас гледам дека и сега кога зборувам некои не се многу заинтересирани да слушаат, водат меѓусебна полемика,ама ситуацијата станува многу загрижувачка не само за пласман на ранорадинарските култури, туку за пласман на огромниот дел на нашето производство, и индустриско и друго. Тешко е да се дојде до нови пазари. Тешко е да се задржат постојните пазари. Ама ние со многу мерки, со многу наши однесувања многу брзо ги расипуваме тие пазари, било со заострување на тие односи, било со некои одлуки кои што навидум ни се чинеа многу корисни ама економски многу не ефективни. Што останува сега, да се кука и да се плаче. За она што било и поминало нема фајде од тоа. Ние сега мораме да најдеме некои излезни решенија, затоа што се работи за огромно производство во земјоделието, во индустријата итн. И брзо некако ја ублажиме оваа ситуација. Пред се, мислам дека ова Собрание треба да донесе заклучоци да ја ангажира нашата Влада во правец на разрешување на проблемите кои што проблеми на неа и припаѓаат. На оформување на односите со довчерашните репулики кои беа во Југославија и разрешување на проблемите со земји околни и подалечни. Трговски

односи, меѓусебни односи итн., а друго со одредени економски мерки таа не може да се занимава со пласман на производи, никој тоа од неа не може да го бара, но таа сега мора да размисли како со економски мерки, економски мерки кои ќе понудат одредени поволности, нас сега најголем проблем ни е како со нашите производи да стигнеме до Љубљана, Загреб, до Риека, Сплит, Сараево, Белград, Титоград итн. До Загреб и до Љубљана многу тешко можеме да стигнеме затоа што патиштата се блокирани меѓу Белград - Загреб, меѓу Белград - Љубљана. Практично немаме ни железнички врски, немаме ни патни врски. Мораме да одиме по околни патишта, преку Мацарска, Австрија итн. Меѓутоа да се стигне до Хрватска или до Словенија најмалку треба две до три илјади марки по возило, разни такси и тоа во еден правец, па пресметајте и во обратен правец и колку чини тој превоз. Тоа е една работа.

Друго, ние сега не располагаме со такви транспортни средства за да стинеме брзо. Нашиот транспортен систем е тотално застарен, па и оној кој што е дури застарен не е погоден за ваков транспорт. Треба да има режимски услови за таков транспорт на +2, +4 за да производот го издржи времето на транспортирањето. Инаку додека да ги однесеме  патлиџаните во Загреб или во Љубљана тие ќе скапат. Ако се одржува на еден режим тој ќе може подолго време да трае и да стигне на тој пазар. Значи, ние мораме брзо, со мерките на даночната политика, со мерките на царинската политика, со поволни услови на кредитирање да обезбедиме да можат да се набават вакви средства за транспорт, хладњачи итн. Значи, тука Владата може сега нешто да направи, а не да оди во Загреб и да пласира раноградинарски култури, или во Љубљана или во Сараево или насекаде нагоре, туку да овозможи  со поволни кредити, со одредени дотации да се обезбедат вакви транспортни

средства за да ги привлечеме стопанските организации да бидат заинтересирани да набават такви транспортни средства.Да обезбедиме кредити во тој правец. Тоа е една работа.

Друго, ако ние мислиме брзо да стигнуваме на тие пазари мораме да обезбедиме и брзи средства за стигнување.Ќе треба исто така со економски мерки да овозможиме набавка на каргоавиони кои ќе можат да транспортираат и вакви производи и месо и други производи. Особено имајќи предвид ова ситуација, ако оцениме, дека ќе трае подолго време во Југославија, дека ќе биде затворен патниот правец Скопје - Белград - Љубљана итн.

Трета работа, посебно за раноградинарските култури мора длабоко да се размисли ние да располагаме со тржничи во главните центри, барем во Бивша Југославија за така да кажам. Ние не можеме сега раноградинарски култури да пласираме во Грција, во соседни земји, не можеме ни во Бугарија затоа што тие имаат колку што сакате производство. Таму не можеме ние да се најдеме. Ние можеме да идеме на Север. И ако сакаме таму да бидеме доминантни посебно во овој период кога стигнува раноградинарското производство ние мораме да имаме тржничи, а за таа тржничи треба простор, треба хладњачи каде што ќе се прифати, треба организации итн.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (Продолжение)

Тоа што се економски мерки, тоа мора да го направиме да исфинансираме преку нашиве банки каде што ние како држава ќе учествуваме во тоа финансирање, а во исто време да обезбедиме правна сигурност да направиме такви организации и еднаш за секогаш да го решиме тоа прашање. Инаку, нема друго решение, напразно е тоа што ние овде зборуваме, ние можеме да обезбедиме пари, да го кредитираме тоа производство, ако нема кај да го пласираме зошто да го произведиме. Главната битка треба да биде за пазарот, барем поранешна Југославија, овие републики, а сега оттука понатаму треба да се размислува за пласман во Австрија, Германија, Шведска итн. во земји во кои што такво производство стигнува подоцна и каде што цените ќе можат да издржат едни вакви трошкови. Јас мислам дека во тој правец мора да се разрешува овој проблем, инаку ние може овде да го поставиме сто пати на дневен ред и на Парламент да расправаме ако немаме практична реализација за економски мерки нема да се разреши тој проблем.

ФАИК АБДИ:

Навистина многу се чекаше на овие мерки за агрокомплексот односно за овој дел, за градинарските култури во Македонија, Господинот Љубисав Ивановски многу добро кажа за она што имаме предност како Македонија, како поднебје итн. Се додека не ја искористиме секоја педа земја, се додека секој ден не го користиме, секое време не го користиме за производство и не станеме ефтини со нашето производство ние многу тешко ќе стигнеме до Европа, до Средна Европа итн.

Без добра и убава амбалажа нема да отиде многу далеку нашето производство, а тоа значи како што кажа и господинот министер ф-ка Комуна со своите сегашни капацитети ќе мора да се ориентира и таа може да даде припомош во овој момент со своето производство, а и со преработувачката во кутии низ Македонија. Се што се произведува да се амбалажира убаво и естетски да се обликува и со помалку чинење да се транспортира и да се пренесе на пазарите на поранешна Југославија односно Европа. Според тоа задача е на оваа фабрика оваа работа да ја изврши и овде пред вас кажувам дека Комуна е способна овие ранградинарски култури да ги стави во убаво обликувана амбалажа.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Она што сакав да го изнесам го кажа и претходниот дискутант околу амбалажирањето на раноградинарските култури кои што и те како треба и Владата и другите субјекти да се ангажираат за да изградат такви објекти бидејќи Западот без добро и адекватно балажирање не прима производи ниту можеме да оствариме таков пазар и со оглед дека беше речено јас на тоа нема да се осврнам, но сакам да кажам дека има доста земјоделски рпоизводи од западниот дел на Републиката  за кои се наталожени проблеми како што е гравот и кромидот и сметам дека сега со отворањето на новата берза оваа работа битно ќе се менува и верувам дека и министерствата а и другите субјекти ќе имаат на тој план подобра организација за откупот на таквите производи, а и самата берза ќе ги каже тие резултати на тој план.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Со полн респект према претходните дискутанти, особено према колегата од Кратово, меѓутоа морам да кажам дека сепак нивните дискусии се однесуваат на едно идно време, времето за утре а овој проблемот што го постави колегата Ристо и колегата Ванчо од Струмица мислам дека се однесува за вчера. Имено, производството е веќе на нива и на некој начин тоа почнува да се култивира односно заорува бидејќи досега не можело да се најде пласман да се продаде тоа производство. Нашите луѓе кои со години да не речема 15 или 20 години се занимава со тој проблем навистина е некоректно и не е фер да им се држат предавања на кој и каков начин да го продаваат своето производство. Морам да ви кажам дека тие многу добро знаат и успешно да ги продаваат тие производи.

Јас се обраќам до Владата бидејќи со граѓаните од општина Струмица и под овие услови какви се денеска тие наоѓаат начин и превозни средства и своето производство како така и денеска го пласираат на подрачјето на Република Србија. Тие таму успеваат и да го продадат по поволни цени, меѓутоа проблемот е сега што со тие пари што тие ги добиваат таму, како тие пари да ги вратат во Републиката бидејќи стока за тие пари не можат да купат или таа стока што ќе ја купат на граница им се конфискува. Прашањето не е економско, прашањето е политичко. Нашата Влада, жал ми е што не е тука и претседателот на Републиката мора и тој да даде напори во овој момент да се најде можност ова прашање да се реши денес, затоа што ако него го решиме после 5 или после 15 дена тоа ќе биде веќе доцна. Треба ова да му биде на секој јасно. Значи, прашањето е дали и на кој начин да се најде тие пари што нашите граѓани можат да ги добијат во

Србија, конкретно зборам во Србија, бидејќи морам да ви кажам дека податоците незнам колку се точни, меѓутоа, 80% од земјоделските производи се трошат во Косово и во Србија, само 20% се троши во другите републики од поранешна Југославија. Грото на производството се троши овде во Косово и во Србија. Таму сега е сеуште динарот а кај нас е денарот. Треба да се најде решение за замена на динарот за денар за да можат тие луѓе како така кои што се снаоѓаат, наоѓаат канали сигурно по легален пат не илегално и се уште се наоѓа начин производството со тешки маки да се продаде, меѓутоа, парите што се добиваат за тоа производство не можат да се вратат назад, да ги добијат тие или да ги дадат на оние од кои што е земено тоа производство да се наплати производството за да може да се заврши тој процес. За овој проблем не се потребни ни фрижидери ни многу други работи кои што беа овде спомнувани туку работа која што е политичка и која треба денеска највисоките раководители на оваа Република да дадат кпридонес да го решат прашањето на аншите земјоделски производители.

ФЕЌИР ЖУТА:

Мислам дека прашањето беше на право место поставено меѓутоа, би ги попримил димензиите што ќе биде утре и задутре на тој план, перспективите кои што ќе бидат на тој план, а не проблемот за кој се среќаваме денеска. Проблемите произлегуваат од определбата на оваа република за монетарно осамостојување, дали некој од анс мислеше дека монетарното осамосталување не треба да биде пропратено воспоставување на царински рамки и дали е изводливо без тоа. Едното со другото мислам дека е поврзано. Целокупниот промет

не само на земјоделското производство, на вкупниот промет кој досега имаше третман на внатрешен стоковен промет добива квалификација на увоз - извоз, добива квалификација која треба да оди преку увозно-извозни претпријатија проследена со одредена документација, но таа проблематика е согледана до крај во сферата на стоковниот промет, платниот промет, сообраќајот и сите други сегменти што се надоврзуваат затоа што има доста други отворени проблеми кои што се отвораат освен пласманот на производството. Но, мислам дека некои работи се од таа природа, за кои треба и периферно да се каже. Не е доволно да ги согледуваме ние решенијата кои ни одгова-раат туку треба и другата страна да ги слушне предлозите. Уште на 28 април е даден предлог званичен од претседателот на Владата до претседателот на Владата на Република Србија за да дојде до средба и да се преговара како ќе се одвива стоковниот промет, платниот промет, проблемите во сообраќајот како да се разрешат и да се овозможи нормален проток на стоки независно од проблемите што се создаваат со самиот факт дека имаме различни парични единици на подрачјата односно имаме и царински бариери. Таа средба е во тек на подготовки и заедно ќе треба да седнеме а имаме и најава дека во текот на оваа недела, меѓутоа, според денешните информации мислам дека е потврдено дека во понеделник би дошло до таа средба и допуштите некои работи да одат според тековите свои така како што треба да одат, но не мојте да не ставите во инфериорна положба во преговорите оти ние умираме овде а некој прави ќеф на другата страна. Со исти проблеми другата страна се среќава верувајте, но точно е тоа дека имаме проблеми, но тоа се проблеми на денот, а не на перспективата, затоа во друга прилика тоа се сериозни проблеми и во моментот кога другата страна ќе ги прифати така и ќе референираме во што се прифатени, а во што не се прифатени. Сметаме дека со иста тежина се присутни и проб-

лемите и на другата страна и нема причина да не бидат прифатени да се одвива и стоковниот и платниот промет и сообраќајот на начин кој ќе им овозможи на стопанствениците од двете страни нормално да ги одвиваат протоците на производите.

Ние во меѓувреме, она што е до нас се договоривме и со цариниите и со другите органи на нашите земјоделски производители и на сите наши стопанственици што изнесуваат стока према пазарите на поранешните републики на поранешна Југославија да не вршат контрола како што е вообичаено во царинските контроли  туку да им се овозможи што побрзо да ја минуваат границата со нужната докумкентација што ја презентираат поради евиденција заради пресметување на царинските трошоци, дури и да не се отвораат камионите. Но, тоа е она што во тој момент без со другата страна да се договориме поинаку и на начин како што е ред да се договара.  Затоа, што верувајте оти другата страна без документација не може да  влезе без извозно-царинска декларација и фактура - камионот на нивна граница затоа што то ќе го врати од таму затоа што нема документ и тој го третира како увоз за себе и тоа е сосема природно. Ве молам така да ги примите работите и така треба да одат работите.

Има случаи некои да се снаоѓаат во сопствен ризик. Јас во една прилика направив експеримент уште на 27 на царинскиот излез во Куманово. Пет шлепери ги пуштив како експеримент без докумкентација да видам другата страна како ќе реагира дали ќе ги врати или ќе ги прими, меѓутоа, не ги прими, бараат документ оти влегува стока кај нив и сака да ја евидентира како таква.

Второ, сериозен е проблемот и да се снајде некој без да се организира платниот промет со тие републики станува збор, за најактуелното јас не би сакал да ја коментирам пошироко, на динарите

што ги остваруваат и од евентуалниот пласман од кој што се снаоѓаат навистина нема што да им прават. Не можат да ги внесуваат во Републиката затоа што другата страна не допушта повеќе од 15.000 динари да внесува а исто така овде за тој динар нема место. А исто така е ризик со нерегулиран, недоговорен стоков промет со таа Република ризик е да се пуштат таквите извозници да речам да купуваат стока и таа стока да ја внесуваат во земјата затоа што не е сигурно на граница дали ќе му ја пропуштат таа стока или не, мислам на другата страна дали ќе ја пропуштат.

Ве молам, овие проблеми се познати сите се вклопени во докумкентите за стоковниот и платниот промет што треба да седнеме и преговараме и станува збор не за перспективите туку сега во овој момент што може и како може слободен проток на стоки и на едната и на другата страна без пречки со оние инструменти што се возможни со една меѓусебна спогодба да веруваме дека ќе дојде до таа средба затоа што и другата страна се среќава со истите проблеми.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Мислам дека Владата баш не е невина во целава ситуација што се случи, што настанаа огромни трошкови, Владата мораше да предвиди се каква документација ќе требаше за излез на разни возила од Република Македонија и мораше во тој поглед да ја задолжи царината да биде подготвена истиот ден или утредента да знае со каква документација да работи за да не стојат по два или три дена возилата на граница и да се чудат што треба да направат. Или Владата мораше да предвиди дека ќе се запре прометот со поштите

на тие земји и на време да не извести дури и за ден два да не обавестеше дека тој промет ќе се запре за да ние не натрупаме толку роба во магацините и да пропадне таа роба. Не излезе баш Владата подготвена со овие мерки, според тоа секој дел на одговорноста мора да го носи. Ние дури пуштивме и една фкатура на Владата, јас мислам дека е фер да ја плати Владата како пример на другите влади да не се случуваат такви работи и сите работи мора на време да се предвидат, Мислам дека е голема одговорноста на падот на производството и пласманот на сите нас, а посебно на Владата која не подготвена излезе во целата таа работа. Ова е одговорна и тешка работа.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ: (продолежние)

Најмал проблем е како парите да се решат. Во Македонија има 20 фирми кои што имаат сметки во Србија каде што може да се наплтат тие пари, нормално тоа и чини, али јас би го прашал ако не е проблемот транспорт и пазар, зошто пропадна минатогодишниот род во Македонија . Тогаш ние немавме вакви проблеми. Зашто сами себе се доведуваме во вакви ситуации. Ние минатата година имавме платежно средство динар во цела Југославија, така речи ај да265 речеме не беше во Словенија и Хрватска, одреден период. Не е тоа проблемот господо. Проблемот е пазарот. Овде ние играчки кажуваме овде. И Владата не може да реши се и да каже денарите сега внеси ги ваму. Ке го ангажира стопанството и Струмичкото стопанство и другото стоапнство се македонски и сл. Ние сме спремни сите тие денари да ги землеме во Србија. Како ние ке ги наплатиме, ќе седнеме ќе се договориме, со македонската држава. Со стока, тоа се решенија тоа е техника, ама не е тоа проблем. Проблемот е за индивидуалецот, затоа што тој не е упатен како треба да го реши тоа прашање. Проблемот е пазарот и да се дојде до тој пазар. Јас тврдам,нека ми покаже некој дека не е тоа така. Дајте прави луѓе на прави места, исто така правите проблеми на прави места да ги поставиме. Инаку ние се губиме. Ако го решиме сега прашањето со парите, што правиме пак со производството. За тоа очевидни примери имавме минатата година. Остана производството на нивите. Според тоа, немојте сега туак да бегаме од правите проблеми. Тоа е мое мислење, како треба да се решаваат проблемите, ако некој има некое подобро решение, има стручњаци туак нека повелат нека го решат проблемот. Али, прашањето е многу сериозно, многу сложено, многу големо и ние имаме многу големо производство. Тоа производство треба да стигне на големи пазари. Не само во бивша Југосалвија, туку многу подалеку и тоа мора така да се разрешува.Барем јас така мсилам зашто тоа цел живот го работам.

СТОЈАН АНДОВ:

V111/

Збор има Иван Иванов.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, добро е што еве веќе ова прашање дојде денеска на дневен ред и заради информирање и заради насочување на активностите кои што ќе придонесат за неговото доразрешување, ако кој што и според мое мислење има тешки псоледици. Морам да кажам дека на сите овие работи уште пред месец месеципол беше доста укажувано дека тие проблеми ќе бидат доста сериозни и дека за тие проблеми треба благовремено да се преземаат соодветни мерки. Дури кога го донесувавме законот за можноста на Владата да интервенира во одредени моменти беше укажувано ова што го кажа и колегата Иванов, соответните мерки што ќе бидат преземани со кои ќе бидат предизвикани одредени последици дека за тие последици Владата треба да биде соочена со изнаоѓање на решенија. Кога велам решенија, мислам на решенија од материјална природа. Со новите мерки кога ги донесувавме исто така овие работи беа презентирани. Дури беа предложени и одредени амандмани со кои се предлагаше одредени временски решенија за производителите, во времето кога е најактуелно да се најдат и соодветни решенија за да стоката тече,стоката да биде благовремено наплатена и ефектите за Републиката да бидат далеку поголеми. Ние сакале или не сакале со овој проблем мора да се судриме иако можеби со едно многу големо задоцнување. Во овие идни преговори кои што и престојат на Владата овој проблем мора да биде разрешен. Колегата >Иванов, исто така укажа дека трансакции и решенија има. Претпријатијата, дел меѓу кои и она претпријатие што јас го раководам успешно настапува во разрешувањето на тие проблеми.  Меѓутоа индивидуалецот, оној кој што не е организиран има проблеми. Тој е препуштен сам на себе. И тука мора да се најдат адекватни решенија. Претпоставувам дека

и Министерството за земјоделство веќе на таа линија има адекватни решенија. Стоиме на располагање преку одредени консултации проблемот најобјективно да го прикажеме и да понудиме соодветни решенија.Решенија има, само треба да се седне да се договара и проблемот да се симне од дневен ред, инаку последиците ќе бидат многу посериозни.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Богдан Неделковски.

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:

Почитувани пратеници, поддржувајќи ги дискусиите на пратеникот Љубисав Иванов и некои други околу оваа тема, мислам дека треба да поразговараме малку повеќе и поконкретно  со конкретни предлози и решенија. Тука стана збор за отворање на пазарот и дека тој бивши југословенски пазар денеска е затворен. Тоа фактички значи дека ние денеска стартуваме од нула, на позиција се сите пазари во светот, подеднакво. Значи до денеска ние имавме една договорна економија што значи она народното нати-дајми. Денеска во апзарната економија со квалитет и со производство ти можеш да конкурираш на тој пазар и да го отвориш тој пазар. Меѓутоа, за да отвориме ние друг пазар, исто така ќе треба и ние нашиот пазар да го отвориме. За тоа имаше и некои обиди од страна на некои надворешни фирми како што е Корејската "Даја ву"со Охрид. Ако на ним им дозволевме, а незнам таму што стана,мислам дека нема некој успех поголем, меѓутоа ако ние пазарот го отворевме за нас, тогаш не ќе можевме без проблеми ни да им поставуваме, не услови туку пазар-на економија да им нудевме наши проивзоди што таму ги немаат. Сето тоа ќе беше без проблеми. Ако отвориме пазар за некое германско стопанство зашто да го дадеме во некоја наша југословенска република, зашто да не оди надвор, да се прошири, да се рекламира

нашиот производ  и производите да добиваат светска реклама а понатаму ќе оди и на светски квалитет. За жал сето тоа ние тешко ќе можеме да го свариме бидејќи во овие 50 години за несреќа го имавме комунизмот како систем што заговараше договорна економија, која што не донесе никакви резултати. Сега во тие рамки на тој систем имавме разни елементи  како што беше на пример самоуправувањето и некои други негови елементи кој што воозможуваше на бирократскиот апарат да дојде до средства на лесен начин до малверзација. Сега тие луѓе одеднаш станаа врз грбот на работници акционери . Сега со развојот на акционерството тие се јавуваа како акционери купувачи на фабриките, па дури и одат намерно со тоа да уништуваат некои фабрики, со цел да им падне нивната вредност и цената и се јавуваат како купувачи. Сега на овие луѓе не им одговара отворањето на македонскиот пазар, бидејќи со отворањето на пазарот тие станувaат второ-степени купувачи. Повеќе не ќе можат да се пробијат како надворешни бизнисмени. Јас туак го гледам единствениот излез само преку отворањето на македонскиот пазар според кое и другиот партнер и мора да го отвори својот пазар.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Да ја завршиме расправата по оваа Информација.

Ја завршувме расправата и и препорачуваме на Владата да ги интензивира активностите во овој преоден период  полн со бројни трансформации, сепак да се придонесе да не претрпат некои наши слоеви од населението и нашата економија, да не претрпат такви штети какви што овде беа навестени од некои учесници во расправата. Така што да се стори се за да може да се направи се што може  и да се овозможи економско ефектуираше на производството од раниот зеленчук зашто тоа беше предмет на расправа.

Засега со толку би можеле да завршиме. Со тоа ја завршивме расправата по Информацијата што беше побарана од страна на пратеникот Ристо Станковски, а овде дадена од министерот за земјоделство и шумарство Ангелов,

Минуваме на точката 36 - Информација за состојбите и проблемите во здравството со посебен осврт на функционирањето на новиот систем на здравствената заштита на населението.

Информацијата и Извештајот на Комисијата за здравство и за финансирање и буџет Ви се поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор.

Има збор господинот Митевски.

ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, необично ми беше драго што Иницијативата на пратеникот Симеонов беше прифатен од сите нас едногалсно и на ова суштествено прашање за ситуацијата во која се наоѓа македонското здравство ја сфативме како сериозно и му дадовме приоритет во едно адекватно решение. Исто така ми беше драго што овaa иницијатива потекнува од пратеник кој не работи во здравството, не е здарвствен работник, меѓутоа, веројатно како граѓанин на Македонија и веројатно како пратеник кој што има обврска од својата изборна база, а тоа се граѓаните и на Македонија или примателите на услугите од нас како здравствени работници, кои гледаат во каква ситуација се наоѓа македонското здравство и еве сакаат да му помогнат, и ќе видиме како денска ќе му помогнеме.

Прво, како здавствен работник морам да ви речам дека непријатно беше што со штрајк што за мене е непримерен начин и најнеадекватен начин за добивање на некои права. Се одлучивме како здавствени работници т.е. струковиот синдикат на здравствените работници како инциијатива, тој штрајк не беше прав штрајк во

глобална смисла на зборот, повеќе беше работен штрајк и повеќе личеше на протест отколку на штрајк зашто знаеме дека штрајкување во бели мантили и исходот кој би можел како реперкусии од тој штрајк да биде е плаќање со живот на некој болен, е непримерен во здравството и затоа тоа го одбележавме како работен штрајк. Зошто дојде до овој штрајк? Сите сме свесни дека македонското здравство се наоѓа во тотален колабс. Ако сте ја проучиле оваа информација, што за мене навистина е добра, што Министерството за здравство ја приложи во вашите материјали, се добива дојам дека навистина е минута до 12 да му помогнеме на здравството. Зошто? Заради тоа што тоа не бележи загуба. Пред неколку седници кога го усвоивме Републичкиот буџет на Македонија кога од Министерството за финансии од нас како пратеници побаравме средства, дел на средства за интервенции за набавка на најнеопходните лекови, тоа беа средства од 500 нови милиони и овде за жал таа одлука не ја изгласавме и кога баравме средства за хемодијализа за една здравствена и медицинска активност која што не трпи одлагање, и туак не добивме поддршка, ние пратениците што сме од здравството до вчера имаше 17 сега 16, навистина трпевме критики од цела Република, јас зборувам за себе во Куманово исто така, сите сметаат дека 17 пратеника од здравство се навистина една снага коај што ќе му помогне на здравството да застане на цврсти нозе. Меѓутоа, ние како интелектуалци до сега имавме трпение, гледавме дека и самото Министерство се мачи со обезбедување на средства, знаеме дека настапија нови политички ситуации, раздружување од Југославија, веќе сме во една посебна држава, монетарно осамостalени, сето тоа доведе до една колабсна состојба и ова е навистина вапај на здравството и мора да му помогнеме.

Како што кажав здравството не бележи загуба туку има недостаток на средства и тоа некаде од 5 нови милијарди и 300 милиони еенари. Тоа се средства фактички не уплатени од оние што требало да ги уплатат како придонес за здравството. Дали се работи за средства од стопанството или стопански организации. Во Информацијата стои колку работни организации во Република Македонија не исплатиле личен доход за февруари и март и оттука нормално приливот на средствата во овој фонд се минимални. Во Информацијата убаво стои дека нормално за да се одвива работата во здравството се потребни некаде 3.700 милијарди денари, а приливот е некаде до 2 нови милијарди денари што претставува кусок на средства од месец на месец се кумулираат и никако не можат да се кумулираат во касата на фондот. Според тоа јас оваа информација ја прифаќам како таква, мислам дека е прилично согледлива, ги прикажува правите состојби во здравството и би апелирал до сите пратеници, нормално почитувајќи го мислењето на Комисијата за здравство, без резервно овој пат да му пмогнеме на здравството, а не како минтата седница кога добар дел од пратениците поготово апелирам пратениците од стопанството, кога изразија  резерва кон овој проблем и дозволија само 400 нови милиони што ги употребивме за набавка на серум и вакцини и она што е најнеопходно за да превентивниот дел во здравствената заштита се одвива без проблеми.

Пак ќе се вратам на овој штрајк. Покрај други барања што беа поставени на штрајкото, кој како што кажав беше генерален штрајк, што сите здравствени работници го прифатија како таков кој што значеше протест, точката за лични доходи беше некаде сместена како 6 или 7-ма точка во сите барања. Здравствените работници, навистина, се скромни и оние податоци што се наведени во Информацијата како проблем кога се исплатува личниот доход.

касниме цел месец во исплата на личните доходи во здравството и кога една медицинска сестра во Струмица во март месец има исплатено 12.000 денари или во Гостивар 18.000 денари, лекар од општа пракса кој има некаде под 30.000 денари месечно,а еве на пример во Куманово има лекари кои живеат во Скопје а работат во Куманово, само за транспортни трошкови Куманово -Скопје картата чини во двата правца 1.000 денари, фактички 20.000 динари даваат на име на транспортни трошоци, им остануваат како личен доход 7-8.000 денари. Трпеливоста е до крај и сега со Антиинфлационата програма кога личните доходи се замрзнати, заедно со тие 25% што ги добиваат здравството и општествените дејности, личниот доход на лекар од општа практика се приближува некаде до 50.000 денари. Се прашувам дали е тоа доволно за живот.

И сега на крајот една мала дигресија. Пред еден месец, месесц ипол беше од еден новинар во"Нова Македонија" објавено односно тоа беше едно интервју со дел од реинтегрирани роми кои се вратија од Германија и тврдеа дека иако добиваат 450 германски марки по возрасен за цела фамилија или 150 марки за дете, тоа е за четворочлено семејство некаде околу 1000 германски марки дека едвај крај со крај врзуваат. Па можеме да се замислиме како овие здравствени работници излегуваат на крај со нивните лични доходи.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Гоце Андоновски.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, интересно за вака чувствителна тема, интересот на пратениците е мал за што зборува и полупразната сала. Најверојатно, се поаѓа од

онаа претпоставка здравството е веќе без дно од кое што може само да се црпи и да се става и се ќе биде во ред и ако состојбата е навистина многу критична. Со досегашниот систем на здравствена заштита, практично 85% од средствата се обезбедуваа од општествениот сектор. Така што фактички здравството не беше заинтересирано ниту оние 15% што остануваат да се прибираат како изворни приходи да ги собира. Корисниците осигуреници што беа на здравствена заштита од сферата на социјалната категорија, невработените, како и симболичната сума на средствата што ја даваа земјоделците, практично испаѓаше  неинтересна за досега и досегашното стабилно стопанство на Република Македонија. Меѓутоа, како што се изостриja проблемите во економската сфера, така се влошија и истовремено, и состсојбите во здравството. Посебно ова повеќе дојде до израз во оној момент кога одредени стопански субјекти и нестопански субјекти не го уплатуваа придонесот што по закон беше загарантирано да го уплаќаат во фондовите за здравствена заштита.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ: : (Продолжение)

Така што, наместо да ги даваат тие средства, ги даваат како бонови и ги заобиколуваат обврските што практично требаше да ги дадат за здравствена заштита. Исто така и приватните работодатели не ги пријавуваат своите вработени како осигуреници и на тој начин имаме одреден одлив на средства.

Сето таоа во услови на нерегулирана даночна политика, во услови на не баш најдобра финансиска контрола, навистина придонесе динамиката на приливот на средствата во фондовите за здравствена заштита биде многу мала. Тоа е едната димензија поради коај здравството се наоѓа во ваква ситуација.

Втората димензија е таа што ние, со новиот закон за здравствена заштита практично правата на осигурениците навистина ги зголемивме. Меѓутоа, уште поголема тешкотија настана со зголемување нас цената на материјалниот трошок како трошковна категорија во вкупната категорија на потрошувачката во здравството. Така што тие два сегменти, од една страна намалениот прилив, а од друга страна зголемениот одлив, зголемените расходи, го донедова здравството во исклучително тешка ситуација.

Моментално, недостигот на редства е околу 5 милијарди денари или месечно недостиг на средства е околу 1 милијарда и 700 милиони денари. Тоа зборува, доколку ние би се откажале и од личниот доход, вкупниот број на вработените во РМ да не гоземаме личниот дохдо со цел да ја оствaруваме само функцијата нас здравствената заштита, не сме во состојба тоа да го постигнеме.

Владата презеде одредени мерки за санирање на оваа состојба што мислам дека навистина беа нужни. Прво, воведе партиципација затоа што како средство мораше да се примени особено во сулови на лимитирана потрошувачка со новите законски проекти на антиинфлационата програма. Таму е речено дека лимитот на средствата е фактички 33 милиони 880 иљјади.

Воведувањето на новиот законски проект со кој се задолжуваат работните организации да не ги исплатуваат повеќе личните доходи во бонови туку исклучиво како личен доход исто така е доста позитивна мерка. Во врска со земјоделците, новата одлука што се предлага, мислам дека за жал, иако кај овој сегмент навистина етешко да бараме средства, меѓутоа, изгледа ќе биде подобро, со цел да се спаси еден систем, не поради нешто друго поради извршувањето на функцијата на здравството. Не велам дека нетреба реконструкција во здравството, напротив сметам дека треба целосна реконтрукција на здравството и има внатрешни резерви. Јас мислам дека треба да се изготви нова стратегија во новонастанатите услови во организацијата на здравството. Од таа нова стратегија треба да произлезат новите институции на здравствената заштита. Од институциите на здравстдвената заштита после да произлезат и организациите на зравствената заштита. Државата мора да дефинира кој дел од здравството треба да биде јавно здравстсво, а кој дел треба да биде приватно здравство. Мора да се пуштат двете основни полуги, полугата на конкуренцијата и полугата на мотивот. Тоа може да се овозможи само преку афирмација и валоризирање на приватното здравство.

Јас мислам дека, ако состојбата остане ваква каква што е, цехот на ваквите празни и тенки каси во здравстдовот практично

ќе ги плаќаат најсиромашните и најболните и реверзибилни ќе бидат и неповратни последиците доколку се наруши целокупниот систем на здравствената заштита. Мислам дека во тој случај кога би се разрушил целиот систем на здравствената заштита, тешко ќе можат најсиромашните да ги купат лекарстватас. Тие денеска навистина имаат високи цени. Мора овој систем да егзистира не поради друго туку поради тоа што  постои основниот принцип на взаемност и солидарност.

На крајот, да завршам дека мислам како Парламент, за да не нанесеме штети на вкупното население на РМ, треба да ги прифатиме овие мерки и треба секогаш да стоиме на девизата дека секогаш болниот е кревок како стакло, а здравиот е цврст како челик.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Здравството, во нашава држава од година во година поточно кажано од месец во месец создава се поголеми загуби бидејќи придонесите за здравствената дејност и од страна на работничкото осигурување особено од страна на земјоделското осигурувањ еприватните занаетчии и по други основи и воопшто приватништвото од ден на ден станува се помало. Поради тоа, слободно може да се каже дека здравството не е само во колапс, но ќе треба да употребиме уште потежок термин па да кажеме дека здравството ако продолжи со ваков интензитет ќе дојде до целосно негово распаѓање, што во прв ред корисниците на здравствената заштита ќе ја почувствуваат оваа состојба, а се разбира во втор ред и давателите на услугуте односно здравствените работници.

Оваа состојба на неповолни трендови во здравството особено дојде до израз во 1991 година, а трендовите на негативно дејствување се зголемуваат со една геометриска прогресија и во првите месеци на 1992 година. Кога би ги искажал негативните трендови со цифри, во тој случај можеме да дојдеме и до навистина зачудувачки размери.

Во РФ за здравствено осигурување е искажана загуба од 1 јули 1991 година до 31.12.1991 година во висина од 1 милијарда и 88 3 милиони денари. Ако се вклучи тука и пренесената загуба од поранешнтие СИЗ-ови од 1.01.1991 до 30.01.1991 кои изнесуваат околу 740 милиони денари, во тој случај вкупната загуба на СИЗ-овите, односно на фондот за 1991 година изнесува над 2 милијарди и 624 милиони денари. Меѓутоа, ако овде ја додадеме и загубата што ја регистрираа здравствените организации за 1991 година, во тој случај вкупните загуби за 1991 година во здравството се над 3 милијарди денари. Меѓутоа,  како што пред малку спомнав негативнтие трендови се одразуваат и во почетокот на оваа година односно до јануари до април па и во мај оваа година. Ако се земе предвид дека и тука сесоздадени загуби, вкупните загуби во здравството во 1991 година и почетните 3 месеци од 1992 година тие изнесуваат над 5 милијарди и 200 милиони денари.

Мислам дека оваа цифра доведе до тоа  да неповолните трендови во здравстдвените работни организации, недостигот на лекови, недостигот на репроматеријали, неможноста да се купуваат апарати и друга опрема, што многупати е кажано дека е над 70-80% застасрена, дури скоро и неупотреблива, ако се земе предвид дека

цифрата на болните кои користат здравствена заштита во центрите за дијализа а изнесуваат над 730 пациенти, дека за нивна перманентна работа на системите за дијализа, на дијализерите, за иглите и сиот друг потрошен материјал кој влегува за една извршена дијализа можеме да дадеме едно согледување дека една ваква состојба, едно вакво развиено здравство, со многу мал број уплатени средства не може воопшто да опстане и да партиципира во општествениот живот. А, како кулминација на сето тоа беше и пред неколку дена штрајкот на здравствените организации, во понеделникот што некаде беше спроведен со поголема силина некаде со помала, меѓутоа и тој дена корисниците на здравствената заштиа на својот грб го почувствуваа револтот на здравствените работници во однос на нередовно исплаќање на личнните доходи некаде меѓу 20-25 од наредниот месец висината на исплатените лични доходи дури се и најниски во општествените дејности. Можам за нив да речам дека и се под просветние работници. Понатаму, можам да речам дека има и други нерешени пробелми што го притискаат оваа здравство. Тоа се невработените здравствени работници, медицински сестри, невработени лекари, стоматолози и тн. Сите тие чукаат на вратите на здравството на здравствентие и други организации, а се знае дека со недостиг на средства воопшто не може ништо да  се решава.

Накусо ќе набројам кој беа причинит ешто доведоа до ваков недостиг на средства што послд во Одлуката  би требале малку посериозно да ја проанализираме, односно да ги усвоиме мерките предложени од Министерството.

Енормно зголемување на цените на лекарствата. Од тоа може да се заклучи ако за 350 милиони денари исплатени за

лекарствата во декември 1991 година, за истите во март 1992 година се исплатени некаде над милијарда и 183 милиони денари. Тоа значи некаде повеќе и од 5 пати. Тоа се огромни средства што неможат толку да се соберат во здравственото осигурување.

Понатаму, поради нередовна исплата на личните доходи на вработените во Републикава, од еден и повеќе месеци и тн.поради сето тао се помалку се акумулираат средства, над 1 милијарда денари, Кога пред мене ја гледам табелата на прегледот на издадени зелени картици во февруари-март, односно март-април, можам даконстатирам дека големи корисници на здравствени работници во републиката, а тоа се Скопје, Битола, Куманово и тн., со еден преглед да ја изнесам состојбат кои од овие центри односно градови редовно уплаќање за здравствено осигуруваљ а кои не.

На пример во Битола се издадени 52 илјади зелени картони, а за март се собрани околу 90 милиони денари. Меѓутоа, во април се собрани само 28 милиони денари. Значи, лекувањето на болните во овој град се извршува скоро бесплатно или пак да спомнам за другите општини. На пример, иако е мала општина, Берово има издадено некаде околу 8,5 илјади зелени картони, а уплатено е околу 9 милиони денари. Тоа е за март. Но, за април, се на се 354 илјади денари. Тоа значи дека некој друг ги финансира односно учествува во лекувањето.

Можам да кажам дека нешто е неповолна ситуација и во Тетово. Издадени се околу 32 илјади зелени картони за март, уплатени се некаде 65 милиони денари, а во април се уплатени само околу 2,5 милиони денари. Тоа значи дека некој друг учествува во нивното лекување.

Позитивно можам да речам за Скопје каде се издаеени некаде 245 илјади зелени картони за март, а уплатени 423 милиони денари, додека во април е уплатено околу 666 милиони денари. Позитивно движење имаме и во Куманово. За месец март се издадени 35 илјади зелени картони а уплатени 140 милиони денари, односно за април е уплатено 192 милиони денари. Тоа значи дека немаме подеднаков рамномерен тренд на собирање на тие средства. Тоа лошо се одразува и во исплатата не само на личните доходи, туку и на другиот потрошен материјал, на прво место лековите, дијализерите и тн.

Посебен проблем во овој момент претставува и учеството на земјоделците во користењето на здравственат заштита. Со Одлуката беше усвоено тие да уплатуваат некаде 15% од зафаќањето односно од катастарскиот доход. Меѓутоа, можам да речам дека за нивното уплатување може сасмо да се зборува како за симболични средства. Ако едно семејство, корисник на здравствена заштита некаде во Македонски Брод и тн. уплатува 12 или 24 денари за месец, тоа годишно може да се помножи и ќе видиме колку е тоа. До најбогатите краеви во Републикава каде изнесува некаде од 240 денари за едно семејство за месец, а кога се знае дека користењето на здравствената заштита и по земјоделско осигурување е изедначено во 90% со работничкото осигурување во однос само на боледувањата и на неисплатување на породилно отсуство.  Така што, некаде земјоделското осигурување, за него недостасуваат околу 150 милиони денари.

Тука не е решено прашањето за невработените лица. Ги има некаде 50 илјади. Не решено прашањето на 30 илјади приватници кои само некаде 70% не го уплатуваат придонесот за здравственото

осигурување. Не се знае процентот односно бројот на лугето кои се вработени во приватниот сектор. За нив нема никаква евиденција не се знае колку уплаќаат, а би требало да уплатуваат.

Понатаму, сеуште не е решен статусот на социјално загрозените работници. Овде еден проблем што треба да го спомнеме е што сеуште не е решен проблемот на нашите вработени во странство. Иако, според конвенциите, има доста голем број ан вработени таму што треба да упалтуваат за нивните семејства во општините, до јуни 1991 година дојде еден извесен број на средства. Меѓутоа, од тогаш наваму, поради воената состојба што беше во Словенија, односно Хрватска, а сега во БиХ, приливот на тие средства не доаѓа, а тоа е еден добар број на средства што во оваа состојба ќе може да помогне.

За да заживее здравството, да може да опстане, да има своја сопствена развојна политика а не да биде потпомогнувано и да се јавуваат донатори, како што се јавува во овој момент Владата со издвојување на поголема сума средства за санирање на згубите, јас би рекол дека е потребно да се водедат реални цени што се веќе изготвени од Фондот за здравственото осигурување, Тие ќе бидат доставени во наредните неколку дена или недели.

Понатаму, доставување на стандарди и нормативи за да може здравството да се вклопи во пазарните закономерности и навистина д можеме да ја спроведеме и рационализацијата како што многу пати е спомнато од оваа говорница и во здравствените работни организации.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ: Сите знаеме дека здравствениет работници имаа штрајк, можам да кажам дека поодамна се во штрајк заради тоа што има недостаток на лекови, односно присутни се на работа, меѓутоа нема супстанца за лекување, а се знае зошто. Сигурно дека во оваа прилика сите занеме дека здравството не само тука, туку во целиот свет е исклучително чувствителен и сложен социјално правен, економски, технички и етички систем. Затоа ги има и овие дубиози што сите ние не можеме да ги дофатиме и да создадеме една рамнотежа во укажувањето на здравствената заштита. Заради сложеноста често ни излегува од регулациските механизми, односно често настанува нарушување на рамнотежата помеѓу правата на граганите за здравствена заштита и материјалната основа. Во конкретните услови здравството не може да ги остварува своите основни премиси, да не ги набројувам кои се. Но, секако дека мораме да заклучиме од Инфорамцијата дека неговолниот прилив на средства е главниот генератор на состојбите во здравството. Во тој контекст би сакал да кажам дека со новиот модел на системот за здравствена заштита услугите што ги ивзедуваат здравствените работници во здравствените институции врз пазарни основи, низ продукција на услугите сметавме дека ќе го рушат митот на бесплатност на здравството, односно дека ќе го трансформираме здравството од потрошувачка во производство, односно здравствената услуга да ја израмниме со услугата во производството. И таа одржи работна сила и таа содржи потрошувачка во тој смисол, односно здравствените услуги да имаат ист третман како и производите од материјалното производство што значи превласт на економската логика и во здравството. Основната полуга за обавување на прибирање на материјални средства во здравството секако дека е цената.

Сигурно дека сите ќе се сложиме дека здравствената услуга, односно здравјето мора да има цена. Сигурно тоа ќе произлегува од нашиот национален доход, не цена која што е важна за европските простори. Правните основи на моделот со картите на осигурување од познатите бои во оснвоа е либерален модел со големи слободи и права на осигурениците. Меѓутоа, аплициран врз сеуште нетрансформираната наша граганска свест имаше за последица користење на правото по секоја цена и празнење на аптеките со лекарства од позитивна листа како бесплатни, да не зборувам и за комерцијални малверзации од таа сфера. Оттука го прифаќам институтот партиципација, или втората владина мерка како регулационен механизам економски логичен за да го насочи граганинот што дава придонес за здравствено,односно социјално осигурување и тој да соучествува во одржувањето на сопствената материајлна основа за чување на здравјето. Меѓутоа, апликацијата на оваа економска мерка е логична и делотворна при дефинирана цена. Драго ми е што сега слушнавме, а и јас сум информиран дека се дефинирани цените на здравствените услуги и на тој начин сметаме дека ке се изврши трансформација, односно превласт на економската логика, економско трошење и корисно вложување на средствата за здравство од Фондот за здравствено осигурување.

Материјалната основа во Фондот за здравствено осигурување, односно социјална осигурување е недоволна и заради следното: Прво, лошо функционираат сите извори на материјални средства дефинирани со Законот за здравство. Принцип кој што е непознат на задолжително осигурување на здравјето како право и слобода на граѓанинот заради кого и се прави системот на осигурување. Дури загрозено е и ризичното заедништво, начелото взаемносгсо солидарност затоа што граганите нееднакво учествуват во својот придонес и тоа со огромни разлики. Имено, доминира како основа во 70% гарантира-

ниот личен доход. Такви се состојбите во стопанството. Меѓутоа, какви што се такви сепак, придонесот за здравствено осигурување мора да се плаќа. Оттука ја поддржувам и првата владина мерка за контрола во реализацијата на уплатувањето на придонеси за здравство.

Овде морам да кажам дека ние ја конфронтираме здравствената дејност со средствата во Фондот на здравственото осигурување. Мегутоа, треба да имаме во вид дека граганинот како индивидуа и секој граганин како индивидуа не е во состојба да створи амтеријална основа за остварување на правата од здравствена заштита, Со начелото на взаемност и солидарност се обезбедува опфатност на сите граѓани. Мегутоа мора да се јави и државата како фактор што ке помогне на граганинот, оној кој што не е во состојба да ги сотвари, да ги даде, да ги обезбеди средствата за здравствено осигрување . Од тој апсект сакам да речам дека при ребалансот на Буџетот мораат од експертна група да се анализираат сите позиции на буџетот во контекст со Законот за  здравство. Имено, што е тоа национална безбедност и колку пари оваа држава ќе дава за таканаречена национална здравствена безбедност.

Второ, супстанците за спречување на заразните болести мора да ги плака државата заради тоа што тоа е и нејзина обврска. Превенција и лекување на сидата, планирањето на семејството, систематските прегледи на децата и школските деца, учесниците во НОВ, воените, цивилните инвалиди, членовите на нивните семејства, социјалните групи, лугето во казнено поправните, или казнено-воспитните установи, невработените, бегалците, се тоа мора низ една добра анализа и конфронтација на податоците да видиме навистина колку Буџетот на Републикава треба да учествува и во овој смисол.

Така што мислам дека ако ги прифатиме овие мерки,а јас ги прифаќам, поготово партиципацијата, тоа е мерка која се употребува во целиот свет, тоа е економска мерка, тоа е регулациона мерка и сметам дека со оваа мерка ако не друго, не заради тоа што со партиципацијата здравствените организации ќе имаат соработувачка, туку потрошувачката на лекарствата ќе се намали, а таа е многу поголема отколку таа партиципација.

ПАНЧО МИНОВ:

Почитувани пратеници, мислма дека е добро да се земе учество во расправата и од нездравствената струка. Инаку оваа Инфорамција јас ја сфакам со единетвена цел да даде еден пресек на тоа како досега од донесувањето на новиот закон се спроведуваше новиот систем на здравствена заштита. Одговорот може наједноставно да се даде со кажувањето дека пред два-три дена имаше генерален штајк на здравствените работници на ниво на Република чија што суштина беше алармирање на здравствените работници за катастрофално тешката материјално финансиска состојба во здравството и нискиот стандард на здравствените работници со висината и износите на личните доходи. Во таа смисла јас лично и ги оправдувам тие основни причини за организирање на еден таков штрајк и сметам дека кога разговараме на оваа тема ние треба за кратко  да се потсетиме и на целите во образложението при донесувањето на новиот закон за здравствена заштита, односно при воведувањето на овој нов систем на дзравствена заштита. Таму организациошта трансфорамција на здравството во таканаречено државно национално здравство во склопот на Министерството за здравствена заштита беше дека со таквата организациона поставеност пред се ќе се постигне ефект на стабилност на материјално-финансиска состојба во здравството,на нормално

и непопречено остварување на функциите на здравствената заштита, а преку тоа и на стандардот во висините и гарантирањето на личните доходи на здравствените работници. Исто така, се образлагаше со адутите дека ваквата организациона поставеност на здравството всушност веќе практично ќе отпочне да ја реализира онаа стално заговарана неопхпдна рационализација, рационализација на институциите во здравството, функционална и интеграција на здравствените организации ирн. и исто така рационализација на извршителите на здравствени работници. Сами сте свесни, а и во заклучувањето на предлагачот на материјалнот веќе овие заклучоци пак и по оваа Информација ни се повторуваат, односно ефективни резултати од новиот Закон и новиот систем за здравствена заштита во овој период на негово спроведување отсуствувале. За мене, се поставува двојно прашањето. Прво,е прашањето за доследноста на спроведвуање на Законот за здравствена заштита. Тоа беше и едно од барањата на штрајкот и мислам дека има резерва отсуството на ефектите да биде заради причината недоследно спроведување на одредбите од Законот за здравствена заштита.  Во самата Информација ќе коментирам  со неколку делови наприме на страна 4 се спомнува дека голем дел на правни лица неуплатуваат, или не навреме уплатуваат придонес за здравствено осигурување. Јас само ќе потсетам, една од новините на Законто за здравствена заштита беше дека придонесот за здравствена заштите може и одвоено да се исплаќа од исплатата на личниот доход. Заради таа пракса досега што се делеше судбината на немање на средства за личен доход во стопанството, во претпријатијата тоа и заради тоа, немање на средства  таму се одразуваше и на недостиг на средства и работа со загуба во здравствените организации. Но,тоа како законска можност и решение се воведе и сега праксата на негово спроведуваше не се остварува. Исто така,со последицата

за усогласување со Законот за здравствена заштита член 66 став 2 мислам дека е во ред и како мерка ја поддржувам од Владата, затоа што не е добро здравственото осигурување на земјоделците да се остварува на товар од средствата на работниците. Но, кога се наведува мерката дека голем недостиг на средства се јавува затоа што симболично се издвојуваат средства од невработените. Мислам дека тука треба малку и реалнсот и логичност во овој поглед затоа што претпоставка е дека невработените не се ангажираат работно и не користат многу и здравствени услуги, а и немаат приходи за здравствено зафаќање. Мислам дека тука во оваа мерка прашањето треба да се постави во делот на редуцирањето на стекнатите права на невработените преку заводите за невработени. Многу е чудно што предлагачот, односно Владата бидејќи ке потенцирам пак имаме државно здравство се повикува на тоа дека носителите на мало стопанство не се пријавуваат, односно не уплаќаат придонес за здравствена заштита, а сите надлежни органи и сите инспекциски органи се под истиот овој орган, односно под истата, мислам под Владата и комуникациајта на контрола на инсистирање на доследно извршување на надлежностите на тие органи пред се на инспекциските органи сега што треба да биде во нивното службено остварување на работите и работните задачи овде постојано се повторува како заклучоци, заклучок на заклучокот итн. И истото се однесува и за непријавувањето на работниците кај работодавачите. Сметам дека воглавно суштината се состои во следното. По разгледуавањето на оваа Информација ги прифаќам целосно првите два заклучока кои се однесуваат на нови извори на средства за зафаќање во здравствениот фонд, затоа што сметам дека со нив ќе се подобри материјално финансиската состојба во здравството.Согласно претходното искажано, заклучокот под брсј 3

во кој се задолжува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за стопанство да изврши соодветни промени во законодавството од работни односи, сметам дека треба да се инсистира и на доследно спроведување на сега актуелните важечки нивни надлежности, посебно на инспекциските органи во тој поглед. Суштината е на вториот дел на прашањето во тоа што мислам дека треба да се отвори и прашањето на адекватноста на закоснките решенија на новиот систем за здравствена заштита. Дали овој институт на придонес за здравствено осигурување и дали овие извори на финансирање на здравството се најадекватни и се гаранција на обезбедување на средства за нормално и редовно извршување на функциите во здравството.

Јас мислам дека овој проблем на немање на средства веќе подолг период е присутен, со новиот закон многу не се чепна и не се промени во однос на изворите на финансирање и мислак дека тука и во измената на законските решенија надлежното министерство треба да ја отвори работата.

Во делот на рационализацијата мерката, јас мислам дека ова прашање силно се заговара, цело време и во администрацијата и во општествените дејност се спомнува таа рационализација, а сметам дека се има еден лош приод во одредвувањето на пристапот за извршување на истата, употребување на проценти, изврши толку и толку отсто рационализација, префрлување на локацијата на носител на извршување до односните здравствени организации, а државата како државно здравство сметам дека е таа која со утврдување претходно на критериуми и со акт за рационализација единствено може ефикансо тоа да го стори како и паралелност на предлагање на други решенија,

затоа што сепак, рационализацијата значи останување без работен.

однос. Во таков случај на укинување на право од работен однос знаеме колку важи и мора заради ефикасноста на таа мерка паралелно да биде поткрепено и со други решенија заради реалнсота и ефикасноста од рационализацијата.

АЛИУ:ХАМИД

Јас се согласувам да имаме стандард во здравството, да имаме цена во здравството за пазарно стопанство , меѓутоа, мораме реално да гледаме на некои работи. Според информацијата тука недостигот на средствата за мене е пренесено салдо од година на година. Од друга страна овде нема конкретен преглед на приходите и расходите. Исклучиво здравствените работници само бараат однсоно даваат преглед на расходите, а никако да ги прикажат во конкретна смисла и приходите. Имено, во прегледот нема колку се партиципира за лекарства и за услугите од страна на граѓаните на Македонија. Од друга страна пак нема никаква партиципација на прегледот од вработените во странство. И трето колку се движи и како се плаќа мислам од страна на приватниот сектор, а тоа не е точно дека 70% не се плаќа од приватниот сектор .

Четврто, мора да имаме калкулативна цена и министерот треба да ја знае калкулативната цена на зелените картони колку му чинат на здравството и колку чини таа формална документација на здравството. На крајот на краиштата мора да знаеме, според Законот за стопанството, тоа е стар закон, колку плаќаш толку земаш, а од другата страна мораме да бидеме конкретни и Владата да се залага за конкретна трансформација на здравството, бидејќи во последно време, ако ние ги посетиме аптеките и другите здравствени установи, ќе видиме дека нема никакви лекарства, никаква услуга. Тие лекарства и услуги можеме да ги најдеме во приватни ординации и тоа со дебело плаќање, а во контекст на тоа што некои од дискутантите што рече како сиромаштијата тоа ќе го плати, јас навистина се прашувам како ќе ги плати тие лекарства обичниот човек.

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:

Проблемот на финансирање на здравството ниту е првпат покренуван, ниту пак е проблем кој досега е решен, радикално или така како што треба. Имено, ние имавме повеќе начини на финансирање досега. По ослободувањето се почна со буџетско финансираше кое, кога се воспостави самоуправување постана инкопатибилен со него па се укина. Потоа се премина плаќање по услуга и група на болест. Меѓутоа и тоа набргу, после 3-4 години колку тоа вегетираше се укина затоа што се покажаа одредени слабости, а не се најдоа мерки тие слабости да се отстранат, а тоа одеше во прилог на пазарна економија. Меѓутоа, набргу тоа се ликвидира. Еве ќе ви кажам еден конкретен пример што беше една причина која стално со тоа се занимаваше. Бидејќи од секоја болест беше определувано колку време ќе трае нејзиното лекување, туберкулозен менингит беше определено да се лекува шест месеци, а доаѓа дете умира во коз-ле за два дена и платена е цела сума за шест месеци. Со тоа се мафташе цело време додека тој систем се укина. Потоа се заведе паушален систем. Тој беше до сега додека оваа реформа не се направи.

Сегашниот систем нуди одредени позитивни трендови и сигурно дека таков еден тренд треба да се потпомогне, да се негува но оние слабости кои веќе ги покажува треба да се отстрануваат. Една слабост која е очигледна во тоа, тоа и претходниот дискутант на некој начин ја регистрираше, а тоа е ние да имаме увид во приходите, меѓутоа над расходите доволен увид се нема, а тоа мора да се има. Расходите мора да се знаат, не само како целина, туку секоја работна организација мора да се знае колку троши и зошто троши тоа што е повеќе. Ако се нема таков увид, тогаш нема стимул

да се ограничи потрошувачката. Тука мора тоа да се направи.

Конкретен пример имаме и со лекарствата. Лекарства нема но на некој начин и самите направивме тие резерви што ги имаше набрзина да се потрошат. Како? Зелениот картон кој беше даден за два месеци. Сега штом веќе поминува рокот секој оди во аптека да ги земе лекарствата на база на тој зелен картон бидејќи после пак ќе ги нема. Со тоа се создаде еден таков потрошувачки тренд што лекарствата набрзина нестанаа, надвор од тоа што ни лекарства увезуваме од сите бивши југословенски републики: Галеника, Плива, Крка, Лек и т.н., да не ги набројувам. Сега е тешко да се дојде до нив и доста е скап. Така да мора да се оди на размена на стока. Притоа овде потенцирајќи ги лекарствата сакам да кажам дека кога се уведе овој систем беше речено дека на крајот на годината ќе се дадат определени повратни средства, но неповратни средства како пари, меѓутоа тие повратни средства ќе бидат за подобрување на лекувањето на секој пациент кој уштедил. Меѓутоа ми се чини дека од таа работа нема да има ништо, а би требало да има затоа што тоа ќе го стимулира болниот да не оди секогаш кога не треба, а тоа не значи дека не треба да оди кога треба да оди на лекар, а и превентивно да оди, меѓутоа и он сам да рационализира. Значи од тоа не можеме да бегаме.

Стандарди и нормативи се бараат уште од кога сум јас.Меѓутоа сеуште до ден денес тие не си го најдоа местото иако ги има доста направено. Беа земани искуства од една од друга република и т.н., овде се правени наши стандарди и нормативи,меѓутоа сеуште тие не може да заживеат. Не знам зашто. Според мене затоа што они како што се предвидуваа не може да најдат доволно финансиска поделба, па веројатно и затоа тоа не може да заживее во пракса.

Не сакам да ги набројувам оние генератори кои го прават недостигот на средства, кои што беа напоменати, но тие генератори, како што е тоа, почнувајќи од придонесите, на тоа мора еднаш да му се стане на пат. СОК дали ќе има своја финансиска полиција или ќе зема, или каде ќе биде таа ит.н., тоа мора да постои. Се направија такви работи во плаќањето на лични доходи што тоа се оиди во натура, сега пред да се воведе Антиинфлационата програма па со тоа не плаќање придонеси, неплаќање придонеси од приватни сектор и т.н. Мора тука на тоа да се стане на пат да секој оној што прима личен доход мора да си ги даде и своите придонеси затоа што не е само овој фонд, има и други фондови кои од тие средства се анимираат и на тоа еднаш мора да му застанеме на пат.

СТОЈАН АНДОВ:

Имаме уште шест учесници во расправата, пријавени а 58 пратеници имаме во салата. Дали да продолжиме сега со работа или кога. Инаку ние се договоривме во 17 часот ќе ја прекинеме седницата затоа што пекои патуваат па мора на време да стигнат дома.

Има збор Благоја Тошев.

БЛАГОЈА ТОШЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас можам да го сфатам организираниот револт од страна на здравствените работници. Верувам револт, не штрајк, затоа што тоа не личеше на штрајк туку тоа беше само еден инпровизиран револт од причини што истите беа на работните места и си ја вршеа редовната работа. Меѓутоа тоа го прават од причини што за разлика од другите

струки со самото влегување во работа тие ја даваат хипократовата заклетва. Но истовремено почитувани здравствени работници, ако сфати и самиот Хипократ дека земате по 100 до 150 ДМ истиот ќе се сврти во гробот и ќе го оправда вашиот ревлот. Зошто го велам тоа. Од една страна општествено негризнат труд, од причини што имаме ние во нашиот град да еден специјалист уролог зема два пати помалку личен доход од еден благајник. Каде е тоа општествено признание на оваа група на работници.

Во однос на финансирањето мое лично мислење е дека здравството го финансира граѓанството наместо да биде обратно, граѓанството да го финансира здравството. Само со, за жал што здравите одлучуваат за судбината на здравствените работници, а болните знаат да го ценат само здравјето.

Мое лично убедување е дека треба да се најде една здрава форма и постабилна за финансирање на здравството, а истовремено малку е нелогично во нашиот град например имаме ние и одредена хиперпродукција на здравствени работници, било да се тоа општи лекари, било да се стоматолози, а пак обратно кога ќе почне учебната година уписната политика е интересна - тепање на Медицинскиот факултет. Што е мотивот не ми е јасно. Како може на пример да имаме стабилна здравствена политика ако имаме истовремено и вакво финансирање, спрема она што беше приложено во информацијата. Поготово ми паѓа во очи во однос на осигурениците земјоделци и придонесот на здравствено осигурување во Република Македонија за 1992 година. Во однос на овој табелар можам да забележам. На пример во Македонски Брод за едно семејство се плаќа 12 динари. Ампулата само за дестилирана вода мене ми се чини дека е поскапа а месечно плаќаат 152 динари. Втор случај во Гостивар. 24 динари плаќање

годишно 293. И најголемата да ја զемеме ставка што се плаќа во Тетово, 74 динари или 885 динари годишно.Дали ние можеме да имаме стабилно здравство при вакво финансирање. Со вакво финансирање господа пратеници неможеме да имаме ние и поголеми резултати во однос на услугите во здравството.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, ова е една од низата информации што ова Собрание имаше можност да ги гледа за здравството, меѓутоа морам да кажам со многу лош или слаб слух за тоа каква е состојбата во здравството, па дури и мене ми стана непријатно бидејќи слушнав една забелешка, сега откако ќе се изредат сите здравствени работници. Лошо ќе биде ако само здравствените работници во ова Собрание, односно 16, па ако сакате и 36 нека бидат, дискутираат разговараат за здравството, а другите се наметнат во улога на критикувачи за тоа каков е системот на здравството и што и како ќе биде понатаму со него. Мислам дека се наоѓаме во една сериозна и многу тешка ситуација во здравството. Тоа имате можност да го видите од информацијата, мислам дека сите ја проследивте. Далеку од тоа дека со мерките кои што овде се планираат ќе може да се санира оваа состојба. Јас ќе речам никако да се излечи, туку само да се залечи и да се овозможи колку толку прилив на средства во слабата фондовска каса која што во моментот уште во почетокот кога почнавме да работиме фондот ја затече како таква, односно откако почна да функционира новиот систем за здравствена заштита.

Овде најмногу од се низ сите дискусии кои што досега имавме можност да ги гледаме напаѓан е тој систем на национално односно државно здравство кое во се се сведе само на зелени, плави и жолти картони.Јас морам да искажам и свој еден револт, пред се од

средствата за јавно информирање кој што комплетно целиот тој систем го сведоа само на зелените, плавите и жолтите картони, односно на администрацијата која што притоа ја има. Веројатно и знам дека администрацијата е многу голема. Знам исто така дека во Министерството и сите ние се залагаме за ова нешто со компјутеризацијата што ќе биде застапена, како слабост ќе се премавне. Сигурно и овој систем натаму ќе се усовршува. Меѓутоа мене ме радува што составен дел на оваа информација се и два прегледа кои што зборуваат прво, за цената на лекарствата, а ќе спомнам дека капсули "вибрамицин" чинат 29.470 динари, а една ампула "лонгацепт" која што при една бронхоплеумонија е незамислива ако не се употреби, чини  417.190 динари, па еве пресметајте колку многу секој од нас е потрошач кога ќе се најде во улогата на пациент, а што значи секој од нас кога овде ќе каже па вие здравствени работници само барате за плати.

Добро е што овде се сместени и платите на здравствените работници кои морам да кажам оправдано и со револт вчера имаа еден сеудо штрајк бидејќи се сведени буквално на просјачки стаб, да бараат нешто што им припаѓа во системот на распределбата, а кој никако не може да го остварат па дури иако се откажат од личните доходи за еден догледен временски период. И да не ги примаат тие лични доходи како што реков, здравството не ќе може да функционира и да ја изврши својата основна функција.

Она што овде е за поздравување и што меѓу редови треба да се прочита во прегледите што ние ги добивме е како функционира тој систем на плави и зелени картони. Не може, а тоа е пред се да се види кој колку уплаќа во тој здравствен фонд и со тек на времето

онаа рационализација што на нас ни е потребна ќе се види колку еден лекар собрал такви здравствени картони, односно колкава е неговата комуникација и способност да зборува, да лечи и да работи со пациентите, па со текот на времето и тоа да биде основно мерило за негова рационализација, а колку се тие осигуреници што плаќаат. Така да една Битола која е овде прва на списокот, затоа ја земам за пример ако има 63.651 осигуреник и ако во март платила 52.946 илјади динари, а во април платила 28.511 илјади динари и едно Куманово кое има 72.765 и во март платило 35.250 илјади за да прогресивно до април догура до една цифра 192.263.853 динари. Тоа значи дека веќе се стекнува свест да секој оној кој што сака да се лечи мора да плати. Меѓутоа морам да кажам и еден свој револт за исплатата и на личните доходи и на правата на осигурениците. Не можеме да правиме една урамниловка, па ако сакате еве и со Битола и со Куманово за нешто што било досега добро и го ставаме во кошот на лошото па сега да стане осредно или да стане подеднакво лошо. Тоа важи и за правата на осигурениците, еве ако сакате во Куманово и за правата на осигурениците во Битола, бидејќи ако некој не уплаќа не може да добие услуга. Меѓутоа не може ни оној што го лекува да добие на време личен доход. Според она што било добро и лошо не може во се да биде лошо. Така да треба да постои еден селективен пристап и во остварување на правата на осигурениците, меѓутоа и во остварувањето на личните доходи кај оние што работат добро, а тоа се гледа од овие табели што тука ги имаме.

Што се однесува до мерките мислам дека тие се такви какви што се, само ќе доведат до одредено санирање на состојбата.

Мислам дека треба во целост да се остварат, а основна моја забелешка тука што се однесува до Министерството за стопанство, труд и социјала каде што се вели ќе преземе мерки во смисла на одземање на дозвола за работа кај оние што не уплаќаат и санкционирање на оние кои што уплаќаат, да овие мерки не бидат сведени само на декларативно изјаснување како мерка.Тоа донесување на законски мерки ова Собрание ќе ги донесе и по итна постапка, значи на една седница.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас не сум од здравствените работници, меѓутоа сакам да кажам неколку збора во врска со оваа проблематика заради тоа што се навраќавме пред оваа седница, а ќе се навраќаме и понатаму бидејќи проблемите нема да се разрешат. Сакам да кажам неколку констатации начелни.

Ние имавме на овој Парламент одлука со која што поминавме на фондовски начин на финансирање на здравството. Очекуваните резултати од тој начин на финансирање, не заради самата идеја и принцип на фондовски начин финансирање, заради тоа што слабите подготовки за вистинско фондовско финансирање и заради вкупните слабости во системот што ги имаме комплетно не ги даде, барем, очекуваните резултати, по сигурниот прилив на средства, можеби и идеја за поуспешно раководење за пласманот на тие средства.

Имавме обид и за рационализација на трошењето на лековите и другите медицински услуги, пред се поради познатиот пакет што долго време се подготвуваше, се афирмирање на таканаречените зелени, жолти картони и слично на тоа. , Резултатот од тоа е зголемување  на потрошувачката. Причините се објаснувани од надлежни во извесна смисла, но околу тоа може да се дискутира.Крјаниот резултат е што сепак потрошувачката не се намали, напротив доби поголем импулс по признание и на самите предлагачи на тој концепт. Значи, две крупни мерки имавме кој што не ги дадоа ветените ефекти, очекуваните ефекти. Но, што произлезе во целина?

Не се обезбеди стабилно финансирање на здравството, иако поимот стабилност во вкупните општествени нестабилни услови и крајно лоши на прагот на економскиот колапс многу е тешко да се бара во една свера, бидејќи таа не е излиран дел во општеството. Но, тоа не го добивме .

Второ, не се овозможи по економично трошење на лековите и другите медицински услуги. Сега се предлагаат нови мерки и заради времето јас ќе поминам на мерките што се предлагаат.

Првата мерка што се предлага е да се зголемат уплатите на земјоделците. Лимитот, незнам колку е тоа добро токму таа мерка да биде прва во вкупното може да се продискутира и да размисли предлагачот, се предлага да изнесува околу 8,6% во бруто платата за најниско платено работно место договорено според општиот колективен договор, или ако сега се пресмета во моментот би изнесувало околу 2.500 денари месечно. Во споредба со досегашното решение можеме да пресметаме дека е тоа зголемување за категоријата земјоделци некаде од 24 до 25 пати. Се разбира вака пресметано тоа звучи многу во однос на основицата и вкупното може да се дискутира дури и дека е малку, но во секој случај ќе се доживее така како што значи процентуалното зголемување.

Не е спорно дека земјоделците треба да плаќаат како и сите други за здравствената услуга, но решението што е понудено во врска со таа мерка има две слабости.

Прво, наглото зголемување кое што нема да биде прифатено иако апсолутно е потребно да се најдат потребните средства за колку е можно по овие услови нормално да функционира здравството. Тое никој нормален овде не може да биде против таква мерка особено сегашната ситуација ако се земе предвид кога достоинството на лекарската професија се спушта многу рапидно на ниско ниво. Таа состојба мора да се направат напори да се поправи. Но оваа мерка има друга лоша страна.

Бидејќи е речено, ако 15% од катастарскиот приход не се во висина на 8,6% од бруто на истата плата тогаш се бара доплата од 2,8% по член, но да не помине вкупно 8,6% од бруто најниската плата

која што можеби сега изнесува околу 35 илјади денари. Значи, се предлага мерка која што е независна од катастарскиот приход, се воведува како давачка на земјоделците, така што со оваа мерка независно од нејзината големина и тежина се погодуваат најсиромашните земјоделци, оние кои што не го исполнуваат едноставно бонусто на катастарскиот приход. Од тој аспект оваа мерка не е доволно правична мерка и затоа не трпи критики и треба да се размисли во однос на оваа мерка друго решение да се побара. Не на сметка на потребните средства во здравството, но за некое поправично решение. Неможе да се бара од земјоделецот кој што не го обезбедува катастарскиот приход или минималниот катастарски приход да доплатува пропорционален износ. Во тој случај се поставува прашањето зошто не се зголеми стапката од 15% пак ќе ја плаќаат земјоделците што имаат поисок катастарски приход. Тоа е поправично решение ако земјоделецот трпи толкаво вкупно оптоварување. Според тоа решение не среќно избрано на овој начин.

Втората мерка е враќање на партиципацијата од 20% за зелените картони, 30% за жолтите и 10% за болничкото лекување. Оваа мерка ја имавме, ја напуштивме и сега повторно се враќаме бидејќи констатираме дека новите мерки не ни обезбедуваат така сигурен прилив на средства. Меѓутоа, оваа мерка има една добра страна и една лоша, а лошата е полоша одколку што е добрата.

Добра страна е што нешто посигурни стрества ќе се влеат во касата на фондот. Тоа е добро за здравствените институции, меѓутоа лоша е заради тоа што ако овој граѓанин треба да плати 20% партиципација во лековите, 30 или 10% во болничкото лекување тогаш тој го плаќа во апсолутен износ независно од неговата економска моќ. Оваа мерка повторно ќе ги погоди најсиромашните слоеви. Дваесет насто во лекот како трошок ќе плати и она што има 21 илјада плата и оној 100 илјади и оној што е приватни итн. Од тој аспект партиципацијата, оваа мерка исто така заслужува уште една проверка. Сега треба итни

мерки да се најдат. Можеби, овој пат како привремено решение да го оддржиме тоа, меѓутоа мора да се седне во целина да се размисли што значи компонентата солидарност во областа на здравството. Што значи таа приватна и јавна свера со системот сега што го правиме? Која комбинација меѓу тоа сето тоа да се направи, а за тоа ни треба малку посериозно размислување од страна на Владата.

Третата мерка е мерка која што треба да се спроведува не само заради здравството, туку и заради се друго ( финансиската дисциплина , малверзациите во врска со боновите и слично на тоа) . Таа мерка незнам колку ќе помогне на здравството.

Четвртата мерка е нудена многу пати, запишувана е како рационализација, но досега проект за рационализација не сме добиле. Имаме ветување дека ќе добиеме и да се надеваме дека ќе добиеме понатаму. Овде не ги гледаме мерките кои што слушнавме преку средствата за информирање што ги донела Владата, ослободување од царински давачки за увоз на лекови, пренамена на некои приходи од нафтата за потребите на здравството. Таквите мерки се апсолутно за поддршка и кога би можеле да се смислат повеќе такви мерки би било многу покорисно за најсиромашните слоеви и би било посигурно како извори во фондот за здравство.

Во целина земено ова што е предложено не ја завршува работата. Во основа тоа е вртење во круг односно во рамките на веќе познатите решенија. Тие нема да го стасаат достоинството на лекарската професија кое што е многу нагризено, но не се решенија за потраен период, не се решенија што ја расчистуваат дилемата колкава солидарност во здравството и кој ќе ја плати таа солидарност пред се, претежно на што ќе легне таа солидарност, на кои општествени слоеви,кои извори, кој обем и ниво на здравствена услуга можеме и мораме да платиме индивидуално и вкупно како општество. На тие прашања во

новиот економски и политички систем немаме доволно прецизни одго-вори, а сакаме да излеземе од досегашниот. Затоа предлагам заклучик Владата да понуди проект на комплетна ревизија на финансирањето и функцирањето на здравството, но во еден опстоен материјал со анализа на состојбата, со предлог на мерки сообразени на новиот општествено економски систем и на една од наредните седници да ја гледаме целината на таа проблематика за да може да се најдат потрајни решенија и да не ни се случува ова што ни се случува сега во оваа област, која што е една од најосетливите свери на општественото живеење.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега е 17 часот а пријавено уште 6 мина, можеби и повеќе дискутанти, а се договоривме денес да работима до 17 часот. Па затоа предлагам сега да прекинеме со работа, бидејќи за многу точки Коми-сиите ја немаат работата и да немаме чести прекини на седницата утре, седницата да ја продолжиме во петок во 10 часот, а утре да се работи комисии.

Комисијата за финансирање и буџет ја нема завршено работта, а и некои закони не се гледани и на Законодавно правната комисија како и од 9 часот е Уставната комисија.

Значи, комисиите работат утре, а во 10 часот во петок продолжуваме со работа.

( Седницата прекина со работа  во 17,00 часот)